Број на Службен весник:/
Датум на објава на Службен весник:/
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ЗАКОН ЗА ВОЗИЛА

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25, 160/25 и 258/25)

ГЛАВА I
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Законот

Член 1

Со овој закон се утврдуваат условите за пуштање на пазар и почетокот на користење на возилата, регистрацијата и техничката исправност на возилата, условите за извршување на работи на техничките служби, правните лица за технички преглед и правните лица за регистрација и регистарот на податоци за возилата.

Цел на Законот

Член 2

Целта на овој закон е обезбедување на висок степен на безбедност на сообраќајот на патиштата и при изведување на земјоделски и шумски работи, заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност.

Значење на изразите

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “Регулативен акт“ е поединечна техничка спецификација, регулатива или правилник UN/ECE што е прилог на Договорот за донесување на униформни (еднообразни) технички прописи за возилата на тркала, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на возила на тркала, како и за условите за реципрочно признавање на одобрувањата издадени врз база на тие прописи (Спогодба од 1958);

2. “Техничка спецификација” е акт што ги пропишува техничките барања кои треба да ги исполнува возилото, системот, составниот дел или самостојната техничка единица и опремата, за да бидат пуштени на пазар, односно да можат да се употребуваат, како и постапките со кои може да се утврди дали пропишаните барања се исполнети;

3. “Одобрување на тип“ е постапка со која се потврдува дека типот на возилото, системот, составниот дел или самостојната техничка единица ги исполнува соодветните одредби од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и соодветните технички барања;

4. “Национално одобрување на тип“ е постапка за одобрување на тип, определена во националното законодавство на одделна држава, со тоа што важноста на таквото одобрение е ограничена на територијата на државата што го издала;

5. “ЕУ одобрување на тип“ е постапка со која се потврдува дека типот на возилото, системот, составниот дел или самостојната техничка единица ги исполнува соодветните одредби од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и соодветните технички барања;

6. “Единечно одобрување“ е постапка со која се потврдува дека единечно возило, уникатно или не, ги исполнува соодветните одредби од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и соодветните технички барања;

7. “Повеќефазно одобрување на тип“ е постапка со која се потврдува дека од аспект на нивото на комплетираност, некомплетно или докомплетирано возило ги исполнува соодветните одредби од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и соодветните технички барања;

8. “Одобрување на тип по чекори“ е постапка на одобрување со која постепено се собира цел збир на ЕУ одобренија на тип за возилото и со возилото поврзаните системи, составни делови, самостојни технички единици, што на крајот доведува до одобрување на целото возило;

9. “Одобрување на тип во еден чекор“ е постапка со која одеднаш се врши одобрување на тип на возилото како целина;

10. “Мешано одобрување на тип“ е постапка на одобрување по чекори, при што во завршната фаза на одобрувањето на целото возило се обезбедени одобрувања на тип за еден или повеќе системи, а без да биде потребно да се издаде ЕУ одобрување за тие системи;

11. “Возило” е секое превозно средство наменето за движење по пат, освен подвижните столови без мотор за немоќни лица и детските превозни средства;

12. “Возило на моторен погон” е секое возило што се движи со силината на сопствен мотор, освен возилата што се движат по шини;

13. “Моторно возило” е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на лица и стока на патишта или за влечење на возила на патиштата и кое има најмалку четири тркала и максимална проектирана брзина над 25 km/h;

14. **„Ново моторно возило“** е моторно возило кое никогаш не било регистрирано;

15. **„Употребувано моторно возило“** е секое друго моторно возило освен ново моторно возило;

16. **„Амбулантно возило“** е возило наменето за превоз на болни или повредени лица, опремено со неопходна болничка опрема за давање на прва помош и опрема за одржување во живот на лица кои се превезуваат;

17. **„Погребално возило“** е патничко возило прилагодено и наменето за превоз на починати лица кое има посебна опрема за таа цел;

18. “Автобус” е моторно возило наменето за превоз на лица со повеќе од девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот;

19. “Товарно возило” е моторно возило наменето за превоз на товар;

20. “Друмски тегнач” е моторно влечно возило без простор за товар, посебно конструирано за тегнење на тешки приколки со вртлива оска;

21. “Тегнач со седло” е моторно возило со седло што е посебно конструирано за тегнење на полуприколки;

22. “Влечно возило” е моторно возило кое влече приклучно возило;

23. “Приклучно возило” е возило конструирано да биде влечено од моторно возило. Приклучното возило може да биде конструирано како приколка со вртлива оска, централна оска или полуприколка;

24. “Приколка за домување” е приклучно возило со посебна надградба и постојана опрема што овозможува престој на лица;

25. “Возило за домување” е моторно возило со посебна надградба и постојана опрема, што овозможува превоз и престој на лица;

26. “Лесна приколка” е приклучно возило чија најголема вкупна маса не е поголема од 750 kg;

27. „Мобилна машина“ е возило на сопствен погон кое е проектирано и произведено да изведува специфични работи и кое поради своите конструктивни карактеристики не е погодно за превоз на лица и стоки. Машините поставени на шасија на моторно возило не се сметаат за мобилни машини;

28. “Велосипед” е возило со едно или со две седишта, најмалку со две тркала и се движи исклучиво со силата на возачот;

29. “Велосипед со помошен мотор” е возило со погон на педали, кое како дополнување може да има мотор со внатрешно согорување со работна зафатнина која не е поголема од 50 cm3, или електромотор со најголема континуирана излезна силина од 0,25 KW, при што дејството на моторот се исклучува кога брзината ќе достигне 25 км/х, или ако велосипедистот го прекине дејствувањето на педалата;

30. “Мопед” е возило на моторен погон со две тркала или со три тркала чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 cm3,, односно силината на електромоторот не поминува повеќе од 4 kW и чија брзина на рамен пат е ограничена на најмногу 45 km/h;

31. “Мотоцикл” е возило на моторен погон со две тркала, со странична приколка или без неа, чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување е поголема од 50 cm3 и чија конструкциски дозволена брзина е поголема од 45 km/h;

32. “Лесен трицикл (мопед со три тркала)” е возило на моторен погон со три тркала симетрично поставени по должината на оската на возилото, чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 cm3 и чија најголема дозволена брзина не е поголема од 45 km/h;

33. “Трицикл” е возило на моторен погон со три тркала симетрично поставени по должината на оската на возилото, чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување е поголема од 50 cm3 и чија најголема дозволена брзина е поголема од 45 km/h;

34. “Лесен четирицикл” е возило на моторен погон со четири симетрично поставени тркала, чија маса не поминува повеќе од 350 kg (без батерија и со силина на моторот не поголема од 4 kw, ако возилото е на електричен погон), при што зафатнината на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 cm3 и чија конструкциски најголема брзина не е поголема од 45 km/h;

35. “Четирицикл” е возило на моторен погон со четири симетрично поставени тркала, чија маса не е поголема повеќе од 400 kg, доколку е наменето за превоз на луѓе, односно 550 kg доколку е наменето за превоз на товар (без батерии ако возилото е на електричен погон), при што моќта на моторот не поминува 15 kW;

36. „Трактор“ е возило на моторен погон, вклучувајќи земјоделски или шумски трактор со тркала или со гасеници со сопствен погон, кој има најмалку две оски и максимална конструкциски определена брзина не помала од 6 km/h, на кој главна функција му е влечна моќност и е посебно конструиран за влечење, потиснување, носење и да дава погон на определена приклучна опрема која е конструирана за вршење на земјоделски или шумски работи, односно за влечење на земјоделски или шумски приколки, може да биде прилагоден за превоз на товар во рамките на земјоделските и шумските работи и/или може да биде опремен со седишта за патници;

37. “Мотокултиватор” е моторно возило со една или две осовини и мотор со силина од најмногу 12 kW и е конструирано така да носи, влече или потиснува разни менливи приклучоци и орудија или да служи за погон на такви орудија или за влечење на лесна приколка;

38. “Маса на возилото” е масата на возилото подготвено за возење без патници и товар, освен мотоцикли и трицикли, со возач чија просечна тежина изнесува 75 kg, со 90% гориво од полн резервоар со различни течности со исклучок на отпадни води, со резервно тркало и опрема, а кај автобусите и со другите членови на екипажот чија просечна тежина изнесува 75 kg, ако за нив се предвидени посебни седишта;

39. “Вкупна маса” е масата на возилото заедно со масата на товарот што се превезува на возилото, вклучувајќи ја и масата на лицата кои се наоѓаат на возилото, како и масата на приклучното возило која се пренесува на возилото;

40. “Најголема конструктивна вкупна маса” е масата која ја декларира производителот со оглед на карактеристиките на конструкцијата на возилото;

41. “Осно оптоварување” е дел од вкупната маса со која оската на возилото оптоварува хоризонтална патна подлога во состојба на мирување на возилото;

42. “Тип возило“ е возило од определена категорија што не се разликува во однос на суштествените аспекти. Типот на возило може да содржи варијанти и изведби;

43. “Основно возило“ е секое возило што се употребува во почетната фаза на повеќефазната постапка на одобрување;

44. “Некомплетно возило“ е секое возило на кое му е потребна барем една натамошна фаза на доработка за да ги исполни сите соодветни технички барања;

45. “Докомплетирано возило“ е возило на крајот на постапката од повеќефазното одобрување што ги исполнува сите соодветни технички барања;

46. “Комплетно возило“ е секое возило што не треба да се доработува за да ги исполнува соодветните технички барања;

47. “Возило од заклучување на серија“ е секое возило од делот на резервите што не е возможно да се регистрира или да се продаде или да се пушти во користење заради започнување на важноста на новите технички барања за кои не било извршено одобрување на тип;

48. “Систем“ е збир на уреди што во возилото заедно извршуваат една или повеќе определени функции и за кои важат барањата од кој било регулативен акт;

49. "Составен дел" е елемент за кој важат барањата од регулативниот акт и што би можел да стане дел од возилото и кој може да се одобри независно од возилото, кога регулативниот акт таа можност изрично ја определува;

50. "Самостојна техничка единица" е уред за кој важат барањата од регулативниот акт што би станала дел од возилото и која може да се одобри одвоено, меѓутоа само во врска со еден или повеќе специфицирани типови возила и кога регулативниот акт таа можност изрично ја определува;

51. "Оригинални делови и опрема" се делови или опрема што се изработени во согласност со технички услови и стандарди за производство, што производителот на возилото ги определува за производство на делови и опрема за составување на предметното возило. Тоа ги вклучува деловите и опремата што се изработени на истата производна линија како тие делови или опрема. Се смета, освен ако не се докаже спротивното, дека деловите се оригинални, ако производителот на деловите потврди дека тие соодветствуваат со квалитетот на составните делови употребени при составот на предметното возило и биле изработени во согласност со техничките услови и производствените стандарди што ги определува производителот на возилото;

52. "Производител" е физичко или правно лице кое одговара пред органот за одобрување за сите видови на постапки за одобрување или постапки за издавање на согласност и за обезбедување на сообразност на производството. Физичкото или правното лице не е потребно непосредно да биде вклучено во сите фази на изработка на возилото, системот, составниот дел или самостојната техничка единица што е предмет на постапка на одобрување;

53. "Застапник на производителот" е секое физичко или правно лице, со седиште во државата, што производителот го овластува да го застапува пред органот за одобрување и да презема мерки во негово име согласно со одредбите на овој закон. Каде што е наведен изразот "производител" треба да се подразбере било производителот било неговиот застапник;

54. "Орган за одобрување" е орган што е надлежен за издавање на одобренија на типот на возила, системите, составните делови или самостојните технички единици или единечните одобренија на возилата; издавање на согласност за постапката, за изработка и за одземање на издадените одобренијата, за дејствување како контактна точка во контактите со органот за одобрување на друга држава; за овластување на технички служби и да потврди дека производителот ги исполнува обврските од аспект на сообразноста на производството;

55. "Орган за оцена на компетентност" е Институтот за акредитација на Република Северна Македонија;

56. "Техничка служба" е правно лице овластено од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на предлог на органот за одобрување согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, со својство на испитна лабораторија за спроведување на испитувањата, или со својство на тело за оцена на сообразност за почетни процени и испитувања и/или за инспекција;

57. "Виртуелен испитувачки метод" е компјутерска симулација, вклучувајќи пресметки со кои се докажува дека возилото, системот, составниот дел, или самостојната техничка единица ги исполнува техничките барања од регулативниот акт. За испитувањата со виртуелните методи нема потреба од физичка присутност на возилото, системот, составниот дел или самостојната техничка единица;

58. "Одобрение на тип" е документ со кој органот за одобрување службено потврдува дека тип на возило, систем, составен дел или самостојна техничка единица е одобрен;

59. "ЕУ одобрение на тип" е документ од прилог кон регулативен акт. За еднаков документ се смета и образецот за соопштение од соодветен прилог кон еден од правилниците УН/ЕЦЕ;

60. "Одобрение за единечно возило" е документ со кој органот за одобрување потврдува дека определено возило е одобрено;

61. "Потврда за сообразност" е документ со кој производителот, односно застапникот на производителот, потврдува дека возилото од серијата што и припаѓа на одобрен тип е сообразено со сите регулативни акти во моментот на неговото пуштање на пазар, односно документ со кој техничката служба потврдува дека единечно одобреното возило на кое се однесува е сообразено со сите регулативни акти во моментот на неговото одобрување;

62. "Согласност за регистрација" е документ кој се издава во постапката за идентификација или во постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, доколку е утврдено дека возилото е способно за безбедно возење;

63. "Регистрација" е одобрување за користење на возило на пат што вклучува негова идентификација со издавање на сериски број познат како број на регистрација;

64. "Увоз" е влез на возила од земји членки на Европската унија, односно увоз од трета земја;

65. "Правно лице за технички преглед" е правно лице овластено за вршење на технички преглед на возила;

66. "Производ" е возило, систем, составен дел, самостојна техничка единица или опрема за возилата и за учесниците во сообраќајот на патиштата и патниците;

67. "Запрежно возило" е возило кое го влече впрегнато животно;

68. "Информационен документ" е документ од прилозите кон поединечните регулативни акти, во кој се пропишани податоците што треба да ги наведе барателот, при што е дозволено информациониот документ да се приложи во електронска форма;

69. "Информациона папка" е пополнета папка со информационен документ, документација, податоци, цртежи, фотографии итн. што ги доставува барателот, при што е дозволено информационата папка да се приложи во електронска форма;

70. "Информационен пакет" е информациона папка дополнета со извештајот од испитувањата и сите други документи што техничката служба или органот за одобрување ги додале во информационата папка за време на вршењето на своите задачи, при што е дозволено информациониот пакет да се приложи во електронска форма;

71. "Содржина на информациониот пакет" е документ во кој се наброени содржината на информациониот документ, соодветно нумерирана или поинаку означена, така што јасно се препознатливи сите страни, при што формата на тој документ е таква што претставува евиденција на редоследни чекори на водење на ЕУ одобрувањето на тип, особено датумите на ревизиите и дополнувањата;

72. **„Сообраќајна дозвола"** е јавна исправа што ја издава надлежен орган, со која се докажува сопственоста на возилото, правото на означување на одредено возило со регистарски таблици, техничките и другите особини и карактеристиките на возилото, право за учество во сообраќајот, како и периодот на важност на сообраќајната дозвола;

73. **„Еколошка категорија на возилата“** е категорија на возилата според нивото на емисија на издувни гасови од моторите на возилата согласно со соодветните технички спецификации, односно ЕЦЕ или ЕЦ прописите и

74. **„Еколошка налепница“** е ознака коа се поставува на возилото и која ја означува еколошката категорија на возилото.

Сооднос со другите закони

Член 4

(1) Одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон се применуваат на техничките барања за возилата во сообраќајот на патиштата, постапките за одобрување на возилата и условите кои треба да ги исполнуваат овластени правни лица што учествуваат во тие постапки, доколку со друг закон поинаку не е определено.

(2) За производите за коишто постојат барања согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон не се применуваат одредбите од Законот за безбедност на производите и прописите донесени врз основа на тој закон.

(3) За правните лица коишто извршуваат работи согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон не се применуваат одредбите од Законот за безбедност на производите и прописите донесени врз основа на тој закон.

Супсидијарна примена

Член 4-а

(1) На постапките утврдени со овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

(2) На постапките за инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, Законот за Државниот пазарен инспекторат, Законот за Државен инспекторат за земјоделство, Законот за полиција, Законот за животната средина, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

ГЛАВА II
УСЛОВИ ЗА ПУШТАЊЕ НА ПАЗАР И ПОЧЕТОК НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Прв дел Општи одредби

Услови

Член 5

(1) Возилата, нивните системи, составните делови, самостојните технички единици и опремата можат да бидат пуштени на пазар и да почнат да се употребуваат доколку ги исполнуваат пропишаните технички барања, односно се одобрени согласно со пропишана постапка, односно доколку поминале пропишана постапка на идентификација или постапка на идентификација и оцена на техничката состојба и доколку се означени со

идентификациски ознаки (број на шасија и број на мотор) во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Возилата се регистрираат доколку се исполнети условите согласно со одредбите на Главата III на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Не може да се забрани, ограничи или одбие продажба, регистрација и користење на возила, системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, од аспект на нивната градба и функционирање кои се опфатени со овој закон, доколку се исполнети таквите барања утврдени со овој закон.

Информирање за новите патнички возила

Член 5-а

(1) Производителот за новите патнички возила од категорија М1, кои се пуштаат на пазар, на потрошувачите треба да им обезбеди информации за потрошувачката на гориво и емисиите на CO2 заради нивна информираност при избор на ново патничко возило.

(2) Забранети се информациите и начинот на информирање за потрошувачката на гориво и емисиите на CO2 кои не се во согласност со прописот донесен врз основа на членот 11 став (1) алинеја 8 од овој закон и кои можат да предизвикаат недоразбирање кај потенцијалните потрошувачи на нови патнички возила од категороја М1.

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (3) на овој член.

Еколошка категоризација на возилата

Член 5-б

(1) Возила кои учествуваат во сообраќајот на патиштата можат да бидат означени со еколошка налепница заради означување на еколошката категорија на возилото согласно со мерните резултати на емисијата на гасови во воздухот.

(2) По исклучок, возилата проектирани и изработени исклучиво за потребите на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата, брзата помош, противпожарните служби немаат еколошка категоризација на возилото согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Возилата на потполно глуви лица со потврда за членство од Националниот сојуз за глуви лица, на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, како и лица со трансплатиран орган или ткиво и лица донори на орган или ткиво, со утврдена состојба согласно со конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа за примање на терапија, односно отпусно

писмо од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори, немаат еколошка категоризација на возилото согласно со ставот (1) на овој член.

(4) Еколошката категоризација на возилата ја врши техничката служба од членот 57 став (1) од овој закон.

(5) Еколошката категоризација на возилата се врши во три еколошки категории и тоа:

- прва еколошка категорија, која ги опфаќа возилата со ниво на емисија на издувни гасови ЕУРО 5 и повисоко, како и возилата со емисија на издувни гасови ЕУРО 4 и ЕУРО 3 на кои е вграден уред за погон на течен нафтен гас или погон на компримиран земјен гас, хибридните возила и електричните возила, како и возилата кои имаат вградена опрема која ја намалува емисијата на гасови во воздухот и ги достигнуваат стандардите на ЕУРО 4,5 и повисоко,

- втора еколошка категорија, која ги опфаќа возилата со ниво на емисија на издувни гасови ЕУРО 4 и ЕУРО 3,

- трета еколошка категорија, која ги опфаќа возилата со ниво на емисија на издувни гасови ЕУРО 2 и пониско, како и возилата за кои производителот нема дефинирано емисија на издувните гасови.

(6) Возилата за кои е извршена еколошката категоризација се означуваат со еколошка налепница во зелена, жолта и црвена боја, во зависност од еколошката категорија и тоа:

- возилата од првата еколошка категорија се означуваат со еколошка налепница во зелена боја,

- возилата од втората еколошка категорија се означуваат со еколошка налепница во жолта боја,

- возилата од третата еколошка категорија се означуваат со еколошка налепница во црвена боја.

(7) Постапката за означување на еколошката категорија на возилото, согласно со мерните резултати на емисијата на гасови во воздухот започнува со поднесување на барање со пропратна документација за определување на еколошка категорија на возилото согласно со мерните резултати на емисијата на гасови во воздухот од сопственикот на возилото до овластена техничка служба.

(8) Формата и содржината на барањето од ставот (7) на овој член и потребната пропратна документација ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(9) Техничка служба ја прегледува приложената документација, ја утврдува еколошката категорија на возилото, согласно со мерните резултати на емисијата на гасови во воздухот за што издава потврда и еколошка налепница во соодветна боја.

(10) Трошоците во постапката за утврдување на еколошката категорија на возилото, се на товар на сопственикот на возилото.

(11) Трошоците од ставот (10) на овој член ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, согласно со трошоците за спроведување на постапката, ангажираниот персонал и времетраењето на истата.

(12) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на техничката служба од ставот (4) на овој член, ако постапува спротивно на одредбите од ставовите (5) и (6) на овој член.

(13) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во техничката служба што постапува спротивно од одредбите од ставот (12) на овој член.

Програми за субвенции за возила

Член 5-в

(1) Со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, намалување на трошоците за одржување на возилата, намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, како и зголемување на увозот на нови во однос на половни возила, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за тековната фискална година согласно со планираните средства во Буџетот на Република Северна Македонија, изготвува:

- Програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уреди за погон на ТНГ или друг вид на алтернативно гориво,

- Програма за субвенционирање на дел од трошоците за купување на ново возило со одјавување на старото возило согласно со членот 41 став (1) од овој закон.

(2) Програмите од ставот (1) на овој член особено содржат:

- инструменти и мерки, како и активности за спроведување на мерките,

- временски распоред, динамика и рокови за спроведување,

- начинот, видот, висината и условите за доделување на субвенции и

- индикативна финансиска рамка за нивно спроведување.

(3) Програмите од ставот (1) на овој член ги донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, во тековната за наредната година.

(4) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доставува извештај за реализираните програми од ставот (1) на овој член до Владата на Република Северна Македонија, во тековната за претходната година.

Исклучоци

Член 6

Одредбите од оваа глава не се применуваат за:

- возила проектирани и изработени исклучиво за потребите на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата или за противпожарните служби,

- возила што се наменети за работа на капитални градилишта, површински копови, каменоломи, пристаништа или аеродроми,

- мобилни машини,

- возила чијашто најголема конструкциска определена брзина не поминува 6 km/h,

- посебни превозни средства што ги управуваат пешаци,

- возила што се наменети за рекреација надвор од јавните патишта,

- велосипеди со помошен електричен мотор,

- машинска опрема посебно конструирана за користење во шумарството,

- шумска машинска опрема, опрема вградена на шасијата на возила за земјоделска работа,

- менлива машинска опрема што е потполно дигната од тлото, кога возилото на којашто е закачена се употребува на пат,

- возила кои привремено се увезуваат поради учество на натпревари, саеми и други приредби, организирани во Република Северна Македонија, при што привремениот увоз на овие возила може да трае најмногу 30 дена,

- возила кои не се наменети за возење во сообраќајот на патиштата и кои не се регистрираат,

- возила кои се наменети исклучиво за натпреварувања и

- прототипни возила што се употребуваат на патиштата со одговорност на производителот, поради извршување на посебни програми за испитување, под услов да биле планирани и изработени посебно за таа намена.

Постапки за утврдување на исполнетост на условите

Член 7

(1) Утврдувањето на исполнетоста на условите од членот 5 на овој закон се врши со следниве постапки:

- одобрување на тип на возило, систем, составни делови и самостојни технички единици и опрема (ЕУ одобрување на тип и национално одобрување на тип),

- одобрување на неоригинални делови и опрема за возилата и на делови и опрема што немаат одобрение за тип,

- единечни одобрувања на возила според општи, односно посебни барања,

- идентификација на возила,

- идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и

- прегледи на возила по посебни барања.

(2) Одобрението од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член го издава органот за одобрување. Исполнетоста на техничките барања во постапките од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член ја утврдува техничка служба.

(3) Постапката на идентификација, односно идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, во име на органот за одобрување, врз основа на посебно овластување од членот 63 на овој закон ја спроведува правно лице за технички преглед или техничка служба.

(4) Постапката на преглед на возила по посебни барања врз основа на посебни овластувања од членот 63 на овој закон ја спроведува правно лице за технички преглед или техничка служба.

Орган за одобрување

Член 8

Орган за одобрување е Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Биро за метрологија.

Производи што не се хармонизирани со правото на Европската унија, односно се произведени согласно со национални прописи на одделна држава

Член 9

(1) Производите пуштени на пазар во друга држава во согласност со нејзините прописи, а кои не се хармонизирани со правото на Европската унија, се одобруваат по посебна постапка.

(2) Доколку органот за одобрување, врз основа на документи и други податоци во врска со производот, утврди дека производот од ставот (1) на овој член не обезбедува заштита на јавниот интерес, ќе забрани користење на производот, или ќе бара отстранување на производот.

(3) Мерките од ставот (2) на овој член, органот за одобрување може да ги преземе под следниве услови:

- во писменото известување е наведен прописот што е основа за забрана за пуштање на пазарот, односно кој бара повлекување на производот од пазарот,

- ако врз основа на техничките и научните податоци што се на располагање се заклучи дека постојат причини поврзани со заштитата на јавниот интерес и дека поблаги мерки не би го овозможиле потребното ниво на безбедност,

- пред преземање на мерката му дал можност на производителот во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето, да одговори на барањата и

- пред донесување на одлуката во поглед на видот на мерката ги опишал забелешките и ги образложил причините за донесување на мерката.

(4) Условот од ставот (3) алинеја 3 на овој член се применува само за постапката за одборување на тип.

(5) Во постапката на одобрување од ставот (1) на овој член можат да се земат предвид испитувања направени во друга држава, ако резултатите од таквите испитувања се прифатени од техничката служба.

Отстапување од барањата

Член 10

(1) Органот за одобрување може да дозволи отстапување од одделни барања во одобрувањето за:

- возила чиишто составни делови и самостојни технички единици се направени во мали серии согласно со прописите донесени врз основа на овој закон,

- возила од заклучување на серија,

- возила, нивни делови и опрема што се произведени по посебни технологии или со посебни технички решенија,

- возила одземени со правосилна судска одлука во кривична или прекршочна постапка во корист на Република Северна Македонија, согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,

- возила за посебни намени и

- возила што единечно се одобруваат.

(2) При отстапувањата од ставот (1) на овој член техничката служба може да примени и релевантни алтернативни барања.

(3) Алтернативни барања во смисла на ставот (2) од овој член се административни правила и технички барања кои можат да содржат и виртуелни испитувачки методи, со цел да се осигура безбедност во користењето и во сообраќајот на патиштата, како и заштита на животната средина и природата на највисоко можно ниво.

(4) Алтернативните барања од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Прописи што ги донесува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини

Член 11

(1) Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини поблиску ги пропишува:

- техничките барања за одделни категории на возила, нивните системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, димензиите, вкупните маси и осното оптоварување, како и техничките барања за единечни возила согласно со членот 5 од овој закон,

- начинот и постапката за издавање на одобрение на тип и на единечно одобрение согласно со членот 7 од овој закон,

- формата и содржината на обрасците за одобрение на тип, единечно одобрение, потврдата за сообразеност и согласноста за регистрација согласно со членовите 7 и 31 од овој закон,

- формата и содржината на ознаките на сообразност, како и начинот на нивното поставување согласно со членот 7 од овој закон,

- критериумите што треба да ги исполнуваат возилата за да добијат статус на возила со историска вредност (олдтајмери) и постапката за утврдување исполнетост на тие критериуми согласно со членот 25 од овој закон,

- начинот на применување на алтернативните барања за случаите од членот 10 на овој закон,

- информации кои се на располагање на потрошувачот за потрошувачката на гориво и емисиите на CO2 во однос на продажбата на новите патнички возила, согласно со членот 5-а од овој закон,

- формата и содржината на образецот на барањето од членот 12 став (4) од овој закон,

- формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за издадени одобренија за тип од членот 12 став (6) од овој закон,

- формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за издадени единечни одобренија од членот 17 став (25) од овој закон,

- висината на трошоците за единечно одобрување од страна на техничките служби, согласно со членот 17 од овој закон,

- висина на трошоците согласно со членот 19 од овој закон во постапката за возила кои се еднаш одобрени, а на кои се извршени преправки или поправки во рамките на реално потребните трошоци за негово издавање,

- формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) од членот 20 став (4) од овој закон,

- просторните, материјално-техничките и безбедносните услови, како и условите во однос на кадарот за правните лица кои вградуваат уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас и висината на трошоците во постапка за издавање на потврда за вграден уред согласно со членот 54-а од овој закон.

- начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото,

- висината на трошоците согласно со членот 12 од овој закон во постапката за издавање на одобрение на тип на производот во зависност од реално потребните трошоци за негово издавање,

- формата и содржината на барањето и потребната документација за издавање на одобрение за единечно одобрување на возило од членот 17 став (7) на овој закон,

- висината на трошоците согласно со членот 17 од овој закон во постапката за издавање на единечно одобрение на возило во рамките на реално потребните трошоци за негово издавање,

- висината на трошоците согласно со членот 22 од овој закон во постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возило за правното лице за технички преглед во рамките на потребните реални трошоци за водење на таа постапка и

- определување на еколошката категорија на возилата, формата, содржината и начинот на поставување на еколошката налепница, како и висината на трошоците за утврдување на еколошката категорија на возилото и за изготвување на еколошка налепница.

(2) Со прописите од ставот (1) на овој член може да се утврди задолжително користење на технички спецификации што Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги издава како посебни публикации во електронска форма.

(3) Списокот на издадените технички спецификации од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

(4) Со прописите од ставот (1) на овој член може да се предвиди примена на стандарди, согласно со прописите за стандардизација.

Втор дел

Одобрување на тип на производ

Постапка на одобрување на тип

Член 12

(1) Одобрувањето на тип е постапка со која се утврдува дали типот на возилото, типот на системот, типот на делот од возилото, типот на самостојната техничка единица или типот на опремата е во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и со соодветните технички барања и во случај на нивна исполнетост се издава одобрение за тип.

(2) Доколку возилото се изработува по фази, одобрение може да се издаде за секоја фаза и при натамошните фази се земаат предвид одобренијата издадени за претходните фази (повеќефазно одобрување на возила).

(3) За издавање на одобрение за тип на производот, производителот е должен да поднесе барање до органот за одобрување.

(4) За секој тип на производ, производодителот е должен да поднесе посебно барање за одобрување до органот за одобрување.

(5) Трошоците во постапката за издавање на одобрение на тип на производот се на товар на производителот.

(6) Органот за одобрување води електронска евиденција за издадените одобренија од ставот (3) на овој член.

(7) Приемот на барањето го евидентира органот за одобрување и ја прегледува приложената документација за производот. Органот за одобрување може дополнително со образложение да побара од производителот да достави и други информации неопходни за донесување на одобрение на тип на производ.

(8) Ако производот ги исполнува барањата согласно со одредбите од овој закон, органот за одобрување врз основа на прегледаната приложена документација за производот, во рок од 30 дена донесува одобрение за тип на производ.

(9) Ако производот не ги исполнува барањата согласно со одредбите од овој закон, односно ако се утврди дека производот преставува голем ризик за безбедноста во сообраќајот на патиштата, органот за одобрување донесува решение за одбивање на барањето од ставот (1) на овој член.

(10) Против решението од ставот (9) на овој член, производителот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на добивање на решението.

Услови под кои важат издадените одобренија на тип на производ и престанок на нивната важност

Член 13

(1) Одобрение за тип на производ може да се издаде само врз основа на постапка спроведена согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и за производ кој ги исполнува пропишаните технички барања.

(2) Одобренијата на тип на производ издадени врз основа на овој закон се важечки и производот може да се пушта на пазарот, односно да почне да се употребува се до воведување на нови, дополнети, односно променети барања. Во прописите со кои се воведуваат нови, дополнети, односно променети барања, донесени врз основа на овој закон, се определува рокот на важењето на одобрението на тип на производ кој не може да биде покус од шест месеца од почетокот на важењето на тие прописи.

(3) Органот за одобрување ќе го одбие издавањето на одобрението за тип на производ доколку утврди дека производот и покрај тоа што ги исполнува сите пропишани барања, претставува вистинска опасност, не е безбеден за користење за сообраќајот на патиштата, за животната средина или за здравјето на луѓето и покрај исполнетоста на условите од ставот (2) на овој член.

(4) Доколку производителот во согласност со прописите за безбедност на производите треба да спроведе постапка за повлекување на серијата на производи од одобрен тип, заради тоа што тие производи се вистинска опасност, тој е должен веднаш да го извести органот за одобрување и да предложи опис на корективни мерки со нацрти.

(5) Органот за одобрување може од производителот да побара изведба на дополнителни, односно различни корективни дејства за отстранување на забележаните вистински опасности на производот. Ако производителот не ги изврши побараните дејствија во рокот определен од органот за одобрување, тогаш органот за одобрување ќе го одземе издаденото одобрение.

(6) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - правно лице што постапува спротивно на одредбите од ставовите (4) и (5) на овој член.

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - физичко лице што постапува спротивно на одредбите од ставовите (4) и (5) на овој член.

(8) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај производителот-правно лице за сторен прекршок од ставот (6) на овој член.

(9) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на техничка служба што спроведува одобрување спротивно на одредбите од ставовите (1) до (5) на овој член.

(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај техничката служба за сторен прекршок од ставот (9) на овој член.

Сообразност на производите

Член 14

(1) Производителот кој има ЕУ одобрение на тип на производ е одговорен секој производ да е сообразен со одобрениот тип на производ, односно е должен да организира производствена постапка и систем за контрола на производите со кое тоа се обезбедува.

(2) Производителот кој има ЕУ одобрение на тип на возило е должен за секое возило кое е произведено во сообразност со одобрениот тип на возило да издаде потврда за сообразност.

(3) Доколку во производството настанат одделни отстапувања, производителот е должен да ги преземе сите неопходни чекори за повторно воспоставување на сообразеност на соодветните производи со одобрениот тип на производ.

(4) Во случај на несообразеност на производите, органот за одобрување може да го одземе одобрението на тип на производ или да утврди рок за отстранување на констатираните грешки. Ако производителот не ги изврши побараните дејствија во рокот определен од органот за одобрување, тогаш органот за одобрување ќе го одземе издаденото одобрение.

(5) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - правно лице што постапува спротивно на одредбите на овој член.

(6) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - физичко лице што постапува спротивно на одредбите од овој член.

(7) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај производителот-правно лице за сторен прекршок од ставот (5) на овој член.

Забелешка: Согласно со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/15) во ставот (5) зборовите „2.500 до“ се бришат, но бидејќи такви зборови не постојат измената не е извршена.

Сообразност на производството

Член 15

(1) Органот за одобрување пред издавање на ЕУ одобрение на тип на производ, а и по издавањето на ЕУ одобрение на тип на производ е должен да располага со докази дека постојат задоволителни механизми и постапки за обезбедување на ефикасна контрола со која ќе се обезбеди производот да биде сообразен со одобрениот тип.

(2) Во спроведувањето на обврската од ставот (1) на овој член, органот за одобрување по потреба соработува со органот за одобрување од друга држава.

(3) Утврдувањето на сообразеноста на производството од ставот (1) на овој член ја врши техничка служба од категориите Ц и Д согласно со членот 58 од овој закон.

Промени на податоци и одобрување

Член 16

(1) Производителот кој добил одобрение на тип на производ во согласност со одредбите на овој закон е должен да го извести органот за одобрување во врска со сите промени на податоците вклучени во информациониот пакет на одобрениот тип на производ.

(2) Органот за одобрување може да одлучува само во врска со оние барања или дополнувања на одобрението на тип на производ што се поврзани со неговата одлука при првото одобрување.

(3) Секој производител, имател на одобрение на тип, е должен да го извести органот за одобрување во врска со завршувањето на производството, односно во врска со секоја промена на податоците во информациониот пакет.

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - правно лице што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член.

(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - физичко лице што постапува спротивно на одредбите од овој член.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај производителот-правно лице за сторен прекршок од ставот (4) на овој член.

Трет дел

Единечно одобрување на возила

Постапка

Член 17

(1) Единечното одобрување на возила е постапка во која органот за одобрување врз основа на наодот на овластена техничка служба потврдува дека прегледаното единечно возило, уникатно или не, ги исполнува пропишаните барања и согласно со тоа на производителот, застапникот на производителот или сопственикот на возилото му издава одобрение за единечно

возило со идентификациски број од шасијата и број на моторот на возилото, како и податок за облик и намена на каросеријата на возилото.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член, започнува со поднесување на барање за добивање на одобрение за единечно возило, со пропратна документација, од производителот, застапникот на производителот или сопственикот на возилото до органот за одобрување преку овластена техничка служба.

(3) Постапката од ставот (1) на овој член се врши за:

- возило чиј што тип не е одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување на тип, ниту постои одобрение на типот во Република Северна Македонија,

- уникатно возило, возило за специјална намена кое не е опфатено во алинејата 1 на овој член, како и за возило во последната фаза од повеќе фазно одобрување,

- возилото чијшто тип е одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување на тип или постои одобрение на типот во Република Северна Македонија, но истото не било регистрирано, а е преправено, односно на возилото била извршена промена, која ги опфаќа податоците кои се евидентирани во постапката на регистрација на возилото, бара промена на категоријата на возилото, влијае на одобрените составни делови, системи и самостојни технички единици, односно влијае или може да влијае на безбедноста на возилото.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член и потребната пропратна документација ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(5) Техничка служба која ја прегледува приложената документација за возилото изготвува наод за возилото и во прилог на барањето го испраќа по електронски пат до органот за одобрување.

(6) Трошоците во постапката за издавање на одобрение за единечно возило се на товар на барателот од ставот (2) на овој член.

(7) Органот за одобрување врз основа на наодот за возилото на овластената техничка служба потврдува дека прегледаното единечно возило ги исполнува барањата согласно со одредбите од овој закон и во рок од 15 работни дена донесува одобрение за единечно возило, кое го испраќа по електронски пат до техничката служба.

(8) Ако органот за одобрување, утврди дека не се исполнети барањата согласно со одредбите од овој закон, донесува решение во писмена форма за одбивање на барањето издавање на одобрение за единечно возило.

(9) Против решението од ставот (8) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(10) Овластената техничка служба врз основа на издаденото одобрение за единечно возило од органот за одобрување на барателот од ставот (2) на овој член му издава потврда за сообразност на нумериран и заштитен образец.

(11) Обрасците од ставот (10) на овој член ги издава органот за одобрување.

(12) Овластената техничка служба води електронска евиденција за издадените потврди за сообразност од ставот (11) на овој член и истите ги чува 15 години.

(13) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното лице на органот за одобрување, ако постапува спротивно на одредбите од ставовите (7) и (8) на овој член.

(14) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (5), (10) и (12) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(15) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај овластената техничка служба што постапува спротивно од одредбите од ставот (14) на овој член.

Спроведување на постапката

Член 18

(1) Постапката на единечно одобрување на возило се спроведува:

- за возило чиј што тип не бил одобрен во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

- во случај на повеќефазно изработување на возило за посебните фази на изработка, доколку некоја од тие фази се предмет на постапка на повеќефазното одобрување. Единечно одобрување на возило не може да се примени за првата фаза и за меѓуфазата по која следи фазата што е предмет на одобрување.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се однесува и за возила, односно за нивната посебна опрема, доколку се употребуваат за превоз на лица, односно за стоки со кои се врши превоз на одредени линии во меѓународниот сообраќај посебно изработени, односно посебно опремени возила (возила за посебна намена, како што се возилата за превоз на опасни материи согласно со Европската спогодба за меѓународен патен превоз на опасни материи (АДР), возилата за превоз на лесно расипливи прехранбени производи согласно со Спогодбата за меѓународен превоз на лесно расипливи прехранбени производи и опремата на специјалните возила за нивен превоз (АТП)), доколку е така определено со друг закон, односно со меѓународен договор. Во тој случај единечно одобрување се врши согласно со општите барања за конкретната категорија на која возилото за посебна намена и припаѓа и согласно со посебните барања за тој вид возило за посебна намена. За тоа одобрено возило се издава потврда за сообразност.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член може да се изврши единечно одобрување согласно со општите барања за одделна категорија на возила и со посебните барања за одделни возила за посебни намени.

(4) Со друг закон или меѓународен договор може да се утврди должност сообразноста со посебните барања од ставот (3) на овој член сопственикот на возилото да ја одржува во текот на целото време на неговото користење што се утврдува со прегледи на возилото по посебни барања.

(5) Во случај да се утврди несообразност со посебните барања утврдени со прописот од ставот (4) на овој член, ако таа не може да се отстрани од сопственикот, тогаш единечното одобрение за тоа возило се одзема од страна на органот за одобрување.

(6) За возилата на Армијата на Република Северна Македонија што не се опфатени со членот 6 алинеја 1 од овој закон, посебните барања за определен вид возила за посебна намена, освен со пропис, односно со меѓународен договор можат да се определат и со акт на министерот за одбрана.

Преправени и поправени возила

Член 19

(1) За возила кои еднаш се одобрени, а на кои биле изршени преправки или поправки што:

- се однесуваат на податоци евидентирани во постапката за регистрација на возилата,

- влијае или би можело да влијае на одобрените системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема на возилата и

- влијае или би можело да влијае на безбедноста на возилата и заштитата на животната средина се спроведува постапка за одобрување на преправено, односно поправено возило.

(2) За преправки, односно поправки од ставот (1) на овој член се зафати кои се однесуваат на: промена на масените и геометриските параметри на возилото; промена на видот, варијантата и изведбата на возилото; преправање или менување на одделни матично, односно претходно вградени системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема во возилото со други кои имаат променети карактеристики; битна поправка или преправка (замена на шасија и слично); вградување на неоригинални и неодобрени системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема; вградување на погон со течен нафтен гас, односно со компримиран земен гас во возилото и слично.

(3) Замена на кој било систем, составен дел, самостојна техничка единица и опрема од возилото, со оригинални, не се смета за промена на возилото.

(4) За преправка на возилото не се сметаат извршените промени на возилото согласно со членовите 54 став (2) и 55 од овој закон.

Услови за единечно одобрување на возила

Член 20

(1) Единечното одобрување на возила треба да биде направено во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Единечно се одобрува и се издава одобрение за единечно возило ако е изработено во согласност со приложената документација со која се потврдува дека се исполнети пропишаните технички барања. При одобрување на преправаните возила за веќе вградените системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема се зема предвид со тој пропис што важел на денот кога возилото првпат било регистрирано, освен за нововградените системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, за кои се зема предвид прописот што важел во времето кога тие генерациски се вградувани.

(3) Органот за одобрување ќе го одбие барањето за издавање на одобрение за единечно возило, доколку техничката служба оцени дека возилото и покрај исполнување на сите пропишани технички барања претставува ризик за безбедноста во сообраќајот на патиштата, животната средина или за безбедноста при работата, без оглед на одредбите од ставот (2) на овој член.

(4) Доколку возилото од членот 18 став (1) алинеја 1 на овој закон нема втиснати идентификациски броеви од страна на производителот, пред да отпочне постапка на единечно

одобрување, производителот е должен да ја втисне идентификациската ознака (број на шасија) определена од органот за одобрување.

(5) Доколку возилото е преправено, а нема втиснатата идентификациска ознака, односно ознаката е оштетена или повторно напишана, се втиснува првата идентификациска ознака која може да се утврди врз основа на производствената документација или врз основа на производството кај производителот на возилото. Доколку идентификациската ознака не може да се утврди, барањето за единечно одобрување на возилото се одбива од органот за одобрување.

(6) Доколку возилото е произведено од физичко или правно лице како уникатно возило, органот за одобрување ќе му издаде одобрение со доделена идентификациска ознака (број на шасија) на производителот кој е должен да ја втисне на соодветно место на возилото.

(7) Органот за одобрување води електронска евиденција за издадените одобренија од ставовите (1) и (6) на овој член и истите ги чува 15 години.

(8) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - правно лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (4) на овој член.

(9) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот - физичко лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (4) на овој член.

(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај производителот-правно лице за сторен прекршок од ставот (8) на овој член.

(11) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на техничка служба што спроведува одобрување спротивно на одредбите од ставовите (1) до (5) на овој член.

(12) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај техничката служба за сторен прекршок од ставот (11) на овој член.

Четврти дел

Идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилото

Определување на постапката

Член 21

(1) Идентификацијата е постапка во која се утврдува истоветноста на возилото и неговите основни технички податоци со помош на приложената документација и/или со проверка на податоците во регистарот на типски и единечно одобрени возила, системи, составни делови и самостојни технички единици и опрема за возила на Бирото за метрологија.

(2) Оцената на техничката состојба на возилото е постапка во која визуелно се проверува неговата целосност и способност за безбедно возење во сообраќајот на патиштата, односно за безбедна работа при извршувањето на земјоделски и шумски работи.

(3) Со постапката од ставот (2) на овој член се проверува дали возилото не било преправено, односно поправано во согласност со членот 19 на овој закон.

Опсег на изведување на постапките

Член 22

(1) Возилата од членовите 23, 24 и 25 на овој закон можат да се регистрираат и да започнат со користење по спроведена постапка на идентификација, или по спроведена постапка на идентификација и оцена на техничка состојба на возилата. Регистрацијата на возилото се извршува врз основа на согласност за регистрација.

(2) Согласноста за регистрација од ставот (1) на овој член ја издава техничка служба или правно лице за технички преглед овластено за постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба, откако ќе ја утврди идентичноста на возилото, ќе ги собере неговите технички податоци и ќе ја утврди неговата комплетност и способност за безбедно возење, односно безбедна работа.

(3) Трошоците во постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возило се на товар на барателот од членовите 23, 24 и 25 на овој закон.

(4) Техничката служба и правните лица за технички преглед, овластени за постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, по истекот на тековниот месец, до органот за одобрување доставуваат фотокопија од секоја согласност за регистрација која ја имаат издадено и во прилог на истата го доставува документот врз чија основа е одлучено дека предметното возило ги исполнува условите во постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилото. Фотокопиите се доставуваат во текот на првата недела од наредниот месец за месецот кој е изминат. Фотокопиите се потврдуваат со ставен оригинален печат од техничката служба и правното лице за технички преглед овластени за постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилото.

(5) Органот за одобрување води електронска евиденција за согласности за регистрација кои се издадени од страна на техничката служба и правното лице за технички преглед овластено за постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилото и истите ги чува 15 години.

(6) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице за технички преглед што извршува постапки спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член.

(7) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за технички преглед за сторен прекршок од ставот (6) на овој член.

Идентификација и оцена на техничката состојба на возилото

Член 23

(1) Физичките и правните лица кои сакаат да регистрираат и да почнат со користење на возило, за кое типот е одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување на тип, а за истото нема обезбедено потврда за сообразеност во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на

овој закон, кај правното лице за технички преглед поднесуваат барање за идентификација и оцена за техничката состојба на возилото.

(2) Физичките и правните лица кои сакаат за прв пат во Република Северна Македонија да регистрираат возило за кое во земја членка на Европската унија е издаден регистрациски документ кој овозможува привремена или трајна регистрација, или за возило кое било користено во земја членка на Европската унија за кое регистрацијата не е задолжителна, кај правното лице за технички преглед поднесуваат барање за идентификација и оцена за техничката состојба на возилото.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се однесуваат за возило чие одобрување било извршено да важи само на територијата на земја членка на Европската унија.

(4) Во случајот од ставот (3) на овој член се спроведува постапка за единечно одобрување на возилото согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Идентификација на возилата

Член 24

(1) Кај правното лице за технички преглед овластено за изведување на постапката за идентификација и/или идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се спроведува постапка за идентификација на возилата што првпат се регистрираат во Република Северна Македонија за потребите на:

1) меѓународни и меѓудржавни организации - за службено користење;

2) дипломатски и конзуларни претставништва на други држави во Република Северна Македонија - за службено користење;

3) дипломатски и конзуларни лица вработени во странските претставништва во Република Северна Македонија и членовите на нивните потесни семејства кои имаат важечка дипломатска, конзуларна или службена лична карта - за приватно користење;

4) органите на државната управа на Република Северна Македонија, другите државни органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од државата, јавни установи, невладини организации регистрирани во Република Северна Македонија и правни лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни функции доколку добиваат донирани возила од државна институција, државен орган, дипломатско-конзуларно претставништво, јавно претпријатие, невладина институција или хуманитарна организација и правно или физичко лице од друга земја;

5) хуманитарни организации за извршување на нивните хуманитарни работи и

6) возила кои пред повторното внесување во Република Северна Македонија, еднаш биле регистрирани во Република Северна Македонија.

(2) Постапката на идентификација на возилата од ставот (1) на овој член се врши само врз основа на приложена документација, без преглед на возилото и без барање за сообразување со други прописи од областа на возилата.

(3) Идентификација на возила од ставот (1) точка 3 на овој член не се однесува на државјаните на Република Северна Македонија.

(4) За докажување на статус на донирано возило од ставот (1) точка 6 на овој член, потребно е до органот за одобрување да достават доказ дека предметното возило е донирано од субјект од ставот (1) точка 6 на овој член и доказ за прифаќање на донираното возило. Овие возила не смеат да се отуѓуваат во наредните пет години од денот на добивањето на одобрувањето.

Доделување на статус на возило со историска вредност (олдтајмер)

Член 25

(1) Физичко или правно лице кое сака да регистрира, односно да започне да употребува возило со историска вредност, до правното лице за технички преглед поднесува барање за доделување на статус за возило со историска вредност (олдтајмер). По извршена идентификација на возилото, правното лице за технички преглед доделува статус на возило со историска вредност (олдтајмер) на возило за кое утврдува дека ги исполнува сите критериуми од ставот (2) на овој член, како и критериумите утврдени со прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Статус на возило со историска вредност (олдтајмер) се доделува на возило што е постаро од 35 години, кое е зачувано и технички е одржувано, како и сообразено со оригиналниот конструкциски состав и форма, а заради своите историски и технички значења не се употребува за секојдневен превоз.

ГЛАВА III
РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА

Прв дел

Општи одредби

Услов за учествување во сообраќајот на патиштата

Член 26

(1) За учество во сообраќајот на патиштата, возилата треба да:

- бидат регистрирани,

- имаат важечка сообраќајна дозвола или важечка потврда за пробно возење или налог пробно возење и користење на возило со пробна преносliва метална таблица и

- бидат означени со пропишани регистарски таблици.

(2) Возачот на возилото е обврзан со возилото да носи сообраќајна дозвола или потврда за пробно возење односно налог за пробно возење и користење на возило со пробна преносliва метална таблица.

(3) Во сообраќајот на патиштата се пуштаат и возила чија конструкциска брзина не поминува 25 км/h и лесни приколки, доколку имаат исправни системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема. Лесните приколки треба да бидат означени со повторена регистарска таблица на влечно возило и треба да имаат важечки доказ за извршен технички преглед на којшто е означен рокот кога треба да се изврши технички преглед на возилото.

(4) На барање на сопственикот, за лесна приколка се издава посебна регистарска таблица и сообраќајна дозвола.

(5) Возило на дипломатски и конзуларни претставништва и мисии на странски држави и на претставници на меѓународни организации во Република Северна Македонија и на нивните вработени, на странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва, на странски дописништва и на постојаните странски дописници, односно на странски државјани вработени во странски дописништва и моторните и приклучните возила на странски државјани на кои заради школување, специјализација, научни истражувања, вработувања или вршење на професионална дејност, давање азил или признавање на статус бегалец, кои постојано или повремено престојуваат во Република Северна Македонија повеќе од шест месеци, како и други возила кои се во Република Северна Македонија врз основа на царински декларации за пуштање на стока во слободен промет, или за привремен увоз, кој трае повеќе од шест месеци, можат да учествуваат во сообраќајот на патиштата, доколку се регистрирани во Република Северна Македонија.

(6) Одредбата од ставот (4) на овој член не се однесува за возила кои постојано или привремено престојуваат во Република Северна Македонија повеќе од шест месеци и се регистрирани во една од земјите членки на Европската унија.

(7) Возила регистрирани во странство можат да учествуваат во сообраќајот на патиштата доколку имаат регистарска таблица, документи за регистрација на возилата, задолжително осигурување (полиса) и ознака на државата каде што возилото е регистрирано, согласно со одредбите од ратификуваната Конвенција за сообраќајот на патиштата. Ознаката на државата може, наместо на посебни налепници, да биде поставена на регистарските таблици.

(8) Во сообраќајот на патиштата можат да учествуваат и возила кои се означени со странски регистарски таблици за пробно возење или со постојани таблици што се технички исправни и задолжително имаат склучено осигурување од одговорност во меѓународниот сообраќај и важечки документи за пробно возење, односно важечки документи за регистрација.

(9) Возило регистрирано во Република Северна Македонија не може да ја напушти територијата на Република Северна Македонија, ако не носи истакната меѓународна ознака на Република Северна Македонија.

(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач кој постапува спротивно на одредбите од став (1), став (5), став (7) и став (8) на овој член.

(11) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, доколку од истекување на важењето на сообраќајната дозвола не поминале повеке од 30 дена.

(12) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член.

(13) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1), став (5), став (7) и став (8) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(14) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (12) на овој член.

(15) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (3) и (5) на овој член.

(16) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач за возило регистрирано во странство, кое нема ознаки на државата во која е регистрирано.

(17) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) овој член ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(18) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (16) на овој член.

Поблиски прописи

Член 27

(1) Министерот за внатрешни работи поблиску ги пропишува:

- начинот и постапката на регистрација на возилата согласно со членовите 26 и 31 од овој закон,

- начинот и постапката на одјавување на возилата согласно со членовите 40 и 41 од овој закон,

- формата и содржината на образецот на барањето за издавање на потврда за пробно возење, формата и содржината на обрасците на сообраќајната дозвола и на потврдата за пробно возење, како и начинот на пополнување на образецот на потврдата за пробно возење и постапката на нивно издавање согласно со членовите 26, 32 и 33 од овој закон,

- формата и содржината на печатот со кој се врши заверка на извршената регистрација на возилото во сообраќајната дозвола согласно со членот 31 од овој закон,

- формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата како и начинот и постапката на нивното издавање согласно со членовите 34, 35, 36, 37, 38 и 39 од овој закон,

- регистрациони подрачја за возилата и нивни ознаки согласно со членот 30 од овој закон,

- поблиски услови во однос на просторот, опремата, кадрите, формата, содржината и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици од страна на правните лица овластени за вршење на технички преглед на возила и на правните лица кои пуштаат возила на пазар, доколку издаваат потврди за пробно возење и пробни таблици, согласно со членовите 30 и 38 од овој закон,

- висината на трошоците во постапката за издавање на регистерски таблици во рамките на реално потребните трошоци за нивно издавање, согласно со членот 5 од овој закон и

- форма и содржина на налогот за пробно возење, начин на издавање и користење на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна преносliва метална таблица, како и форма и начин на водење на евиденција за нивно издавање.

(2) Министерот за одбрана го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Армијата на Република Северна Македонија и на возилата на Министерството за одбрана, како и формата и содржината на регистарските таблици.

(3) Министерот за внатрешни работи го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Полицијата во Министерството за внатрешни работи, како и формата и содржината на регистарските таблици.

(4) Директорот на Агенцијата за разузнавање го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за разузнавање.

(5) Директорот на Агенцијата за национална безбедност го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за национална безбедност.

(6) Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата за финансиска полиција го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Управата за финансиска полиција.

Втор дел

Регистрација на возила

Задолжителност на регистрација на возилата

Член 28

(1) Регистрацијата на возилата е впишување на податоци во врска со регистарските ознаки и податоци во врска со возилото и сопственикот на возилото во евиденцијата на регистрирани возила.

(2) Во Република Северна Македонија се регистрираат возила чии сопственици имаат живеалиште во Република Северна Македонија, возила на дипломатски и конзуларни претставништва и мисии на странски држави и претставништва на меѓународни организации во Република Северна Македонија и странски трговски, сообраќајни културни и други претставништва во Република Северна Македонија.

(3) Во Република Северна Македонија се регистрираат возила чиишто сопственици се странски државјани на кои им е издадено одобрение за привремен или постојан престој во Република Северна Македонија и државјани на Република Северна Македонија што имаат престојувалиште. На домашно, правно или физичко лице се регистрираат возила кои се во согласност со царинските прописи за привремен увоз и се употребуваат врз основа на договор за лизинг или договор за деловна соработка кој е склучен меѓу домашна и странска компанија, односно за саеми или спортски натпревари.

(4) Се регистрираат и возила што странски државјани, по завршување на престојот во Република Северна Македонија, ги изнесуваат од Република Северна Македонија, возила купени во Република Северна Македонија, возила што ќе бидат регистрирани во други држави и возила што после завршената преработка, односно доработка ќе бидат изнесени од Република Северна Македонија. Сообраќајната дозвола за овие возила се издава со важност од 30 дена кое време е потребно возилото да се однесе во државата каде што ќе биде регистрирано. Возилата се регистрирани до истекувањето на важењето на сообраќајната дозвола.

(5) Кон барањето за регистрирање на возилата од ставот (4) на овој член треба да се приложи потврда за сообразност или согласност за регистрација на возилата. Потврдата за сообразност се издава доколку возилото ги исполнува сите

пропишани барања утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, а согласност за регистрација се издава доколку е утврдено дека возилото е способно за безбедно возење.

Возило во сопственост на повеќе лица

Член 29

(1) Ако возилото е во сопственост на две или повеќе физички или правни лица, се регистрира на име односно назив на едно од тие лица врз основа на писмена спогодба заверена од нотар.

(2) Возилото што е предмет на договор за лизинг или договор за закуп или кое се продава со задржување на правото на сопственост, може да се регистрира на име, односно назив на корисникот на возилото, само ако за тоа постои писмена согласност од сопственикот на возилото заверена од нотар.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, одредбите од овој закон кои се однесуваат на сопственикот на возилото, соодветно се применуваат и за корисникот на возилото, а во сообраќајната дозвола се запишуваат податоците и на сопственикот на возилото.

(4) Возилото кое е предмет на договор за лизинг, а давателот на лизинг (сопственик на возилото) има регистрирано подружница на територијата на Република Северна Македонија, возилото може да се регистрира и да носи регистарски ознаки според седиштето на подружницата.

Регистрирање на возила

Член 30

(1) Регистрација на возила врши Министерството за внатрешни работи или правни лица за технички преглед на возила што ќе ги овласти Министерството за внатрешни работи, според живеалиштето, односно седиштето на сопственикот или доколку сопственикот има подружница според седиштето на подружницата, односно на носителот на правото на користење на возилото (во натамошниот текст: правно лице за регистрација на возила). Правното лице за регистрација на возила може да врши единствено продолжување на регистрацијата на возила кои се веќе внесени во електронската евиденција на Министерството за внатрешни работи. Кога сопственик на возилото е лизинг компанија и корисникот на лизинг е различен од сопственикот на возилото, регистрација на возилото може да се врши и согласно со живеалиштето, односно седиштето на корисникот на лизинг.

(2) Правното лице од ставот (1) на овој член задолжително треба да има:

- простории и материјално-технички услови што овозможуваат вршење на работите поврзани со регистрација на возила,

- соодветен стручен кадар за вршење на регистрација на возилата и

- соодветна информатичка опрема со можност истата да биде поврзана со електронската евиденција на регистрирани возила што ја води Министерството за внатрешни работи.

(3) Трошоците за поврзувањето од ставот (2) алинеја 3 на овој член се на товар на правното лице за регистрација на возила.

(4) Регистрација на возила на дипломатските и конзуларните претставништва и на мисиите на странски држави и на претставништва на меѓународни организации во Република Северна Македонија, како и на странски државјани што се вработени во тие претставништва врши Министерството за внатрешни работи.

(5) Продолжување на регистрација на возилата може да се врши на цела територија на Република Северна Македонија.

(6) Регистрација на возилата на Полицијата во Министерството за внатрешни работи врши Министерството за внатрешни работи.

(7) Регистрација на возилата на Агенцијата за разузнавање врши Агенцијата за разузнавање.

(8) Регистрација на возилата на Армијата на Република Северна Македонија и на Министерството за одбрана врши Министерството за одбрана.

Член 30-а

Овластување на министерот

(1) Работите на регистрација можат да ги вршат правните лица за технички преглед што добиле овластување од министерот за внатрешни работи.

(2) Глоба во износ до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице што извршува работи без овластување од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (2) на овој член.

Член 30-б

Услови за вршење на работи на друга локација

(1) Правното лице за регистрација на возила кое извршува работи на повеќе од една локација е должно да ги исполнува пропишаните услови согласно со членот 30 став (2) од овој закон за секоја локација.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член за прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(3) На одговорно лице во правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член за сторен прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

Член 30-в

Овластување и одземање на овластувањето

(1) Овластеното правно лице за регистрација на возила е должно трајно да ги исполнува условите пропишани со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Министерот за внатрешни работи може на правното лице за регистрација на возила со решение да му го одземе овластувањето за вршење регистрација, ако:

- престанало да ги исполнува пропишаните услови за вршење на работите утврдени согласно одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,

- против него е поведена постапка на стечај или ликвидација,
- престанало да работи врз основа на судска одлука и
- своите работи не ги извршува во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Решението од ставот (2) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 30-г

Полагање на испит и обновување на знаењето

(1) Кандидатите за извршување на работите на регистрација на возила во правните лица за регистрација на возила треба да положат стручен испит за оспособеност. Стручниот испит се полага пред комисија формирана од министерот за внатрешни работи која е составена од претседател и два члена. На кандидатот што успешно ќе го положи стручниот испит, комисијата му издава уверение за положен испит.

(2) На кандидатите од ставот (1) на овој член, врз основа на издадено уверение, а по поднесено барање, Министерството за внатрешни работи им издава лиценца за работа.

(3) Стручните работници од ставот (1) на овој член треба да го обновуваат своето знаење на секои две години од денот на издавањето на потврдата за положен испит.

(4) Кандидатот кој не го положил испитот, ќе се упати на повторно полагање во рок од 30 дена од денот на добивање на резултати од испитот.

(5) Во периодот до повторно полагање на стручниот испит кандидатот нема право да извршува работи за кои е потребен стручниот испит.

(6) Трошоците за полагање на стручниот испит се на товар на барателот од ставот (1) на овој член.

Постапка за регистрација

Член 31

(1) Возилото се регистрира по поднесено барање од страна на сопственикот на возилото.

(2) Со барањето за регистрација од ставот (1) на овој член сопственикот на возилото е должен да ги поднесе и следниве писмени докази за:

- потекло на возилото,
- сопственост на возилото,
- регулирани царински и даночни обврски за возилото,
- потврда за сообразност или согласност за регистрација, ако се работи за возило за кое треба да има таква потврда или согласност согласно со одредбите од овој закон,
- техничка исправност на возилото, освен за возило за кое техничкиот преглед не е задолжителен, согласно со членот 50 од овој закон,
- важечки извод од лиценца за авто такси превоз на патници,
- запис од измерени вредности од емисиите на издувни гасови на возилото,
- запис за техничката исправност на системот за сопирање на возилото,

- запис за техничката исправност на системот за управување на возилото,

- потврда за утврдени минимално-технички и експлоатациони карактеристики за мобилна машина издадена во постапка на идентификација и оцена на техничката состојба на мобилната машина,

- извршено осигурување, платени такси, регулирани давачки на име надоместоци за употреба на јавните патишта и за заштита на животната средина и други обврски пропишани со закон,

- АДР сертификат за извршено испитување на возило за превоз на опасни материи во патниот сообраќај,

- извршена одјава на возилото од надлежниот орган во кој е извршена претходната регистрација и

- статус на возило со историска вредност (олдтајмер).

(3) Доказите од ставот (2) алинеи 3, 4 и 9 на овој член се поднесуваат само при првата регистрација на возилото во Република Северна Македонија.

(4) Доказот од ставот (2) алинеја 4 на овој член не се поднесува при регистрација на возило со музејска вредност (олдтајмер).

(5) Возило нема да се регистрира и покрај приложениот доказ од ставот (2) алинеја 4 на овој член доколку органот за одобрување го извести Министерството за внатрешни работи дека возилото припаѓа на тип на возила кои и покрај издаденото одобрение на тип претставува опасност за сообраќајот на патиштата.

(6) Доказите од ставот (2) алинеи 5, 7, 8 и 9 на овој член се заверуваат од двајца стручни работници – контролори од правното лице за вршење технички преглед на возила.

(7) Доказот од членот 31 став (2) алинеја 11 од овој закон кој се однесува на регулирани давачки на име надоместоци за користење на јавните патишта, не се поднесува при регистрација на возила на потполно глуви лица со потврда за членство од Националниот сојуз за глуви лица, на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, хронично болни од најтежок облика на заболување од цистична фиброза, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, како и на лица со трансплатиран орган или ткиво и лица донори на орган или ткиво, со утврдена состојба согласно со конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа за примање на терапија, односно отпусно писмо од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори

Поништување на регистрација на возила

Член 31-а

Регистрацијата на возилото се поништува доколку Министерството за внатрешни работи при контролен надзор утврди дека доказите од членот 31 ставови (2) и (3) од овој закон, поднесени во постапката за регистрација на возилото се невистинити.

Сообраќајна дозвола и регистарски таблици

Член 32

(1) За регистрирано возило се издава сообраќајна дозвола и пропишан број на регистарски таблици согласно со членот 26 од овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член при откривање на кривични дела и нивни сторители, како и при обезбедување на личности и објекти, за посебни возила на полицијата се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога за тоа ќе определи министерот за внатрешни работи.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Агенцијата за разузнавање се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога за тоа ќе определи директорот на Агенцијата за разузнавање.

(4) По исклучок на ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Агенција за национална безбедност се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Агенцијата за национална безбедност.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи од областа на разузнавањето, контраразузнавањето, спречувањето и откривањето на кривични дела и заштита на силите, за посебни возила на Министерството за одбрана се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици, кога за тоа ќе определи министерот за одбрана.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Управата за финансиска полиција се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Управата за финансиска полиција.

Трет дел

Сообраќајна дозвола и еколошка налепница

Издавање на сообраќајна дозвола

Член 33

(1) Сообраќајната дозвола се издава на образец чија боја, содржина, вид и квалитет на материјалот се еднообразни на целата територија на Република Северна Македонија.

(2) Образецот на сообраќајната дозвола се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото писмо.

(3) Податоците во образецот на сообраќајната дозвола се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основно латинско писмо (ICAO Doc.9303).

(4) На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на нивно лично барање, во образецот за сообраќајна дозвола се печатат и податоци за лично име, живеалиште, односно престојувалиште или седиште на правното лице се запишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

(5) На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во сообраќајната дозвола се запишуваат на македонски

јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот и на основното латинско писмо (ICAO Doc.9303).

(6) Сообраќајната дозвола ја издава или го продолжува нејзиното важење Министерството за внатрешни работи.

(7) За новите возила кои прв пат се регистрираат во Република Северна Македонија, сообраќајната дозвола се издава за време кое не е подолго од рокот до извршување на првиот технички преглед и за време за кое е склучено задолжително осигурување, платени такси, регулирани давачки на име надоместоци за користење на јавните патишта, за заштита на животната средина и други обврски пропишани со закон. За другите возила сообраќајната дозвола се издава за време кое е во рамките на важењето на редовниот технички преглед и за време за кое е склучено задолжително осигурување, платени такси, регулирани давачки на име надоместоци за користење на јавните патишта, за заштита на животната средина и други обврски пропишани со закон.

(8) Мотокултиватор, мопед (велосипед со мотор), лесен трицикл и лесен четирицикл, подлежат на повторна регистрација само при промена на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото или при промена на неговото живеалиште, односно седиште.

(9) Сопственикот на возилото од ставот (8) на овој член е должен да ја обновува полисата за осигурување на возилото за времето на користење на возилото и при продолжување на важноста на регистрација, што се евидентира во Министерството за внатрешни работи.

(10) Сопственикот на трактор и/или тракторска приколка, мобилна машина и лесна приколка е должен на секои шест години од денот на првата регистрација да ги достави доказите во постапката на регистрација согласно со членот 31 став (2) алинеи 5 и 11 од Законот за возила.

(11) Сопственикот на возилото од ставот (10) на овој член при продолжување на важноста на сообраќајната дозвола е должен да приложи доказ за извршено осигурување и доказ за техничка исправност на возилото, односно потврда за извршен технички преглед на возилото, при продолжување на важноста на регистрација, што се евидентира во Министерството за внатрешни работи.

(12) Секоја измена која влијае на промена на податоците во сообраќајната дозвола, кои се однесуваат особено на: технички промени на возилото, промена на сопственоста, промена на адресата на живеење, одјавување на возилото и слично, сопственикот е должен во рок од 15 дена од денот на настанување на промената да ја пријави во Министерството за внатрешни работи според местото на регистрација на возилото или според живеалиштето, односно седиштето на сопственикот. Кон пријавата за промена, сопственикот на регистрираното возило е должен да приложи и докази со кои ја докажува настанатата промена.

(13) Губењето на сообраќајната дозвола се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

(14) За изгубената сообраќајна дозвола од ставот (13) на овој член се издава дупликат согласно со податоците содржани во евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

(15) Сообраќајната дозвола за која е издаден дупликат не смее да се користи во патниот сообраќај, а доколку истата се пронајде, сопственикот е должен да ја врати во Министерството за внатрешни работи.

(16) За сообраќајната дозвола која е дотраена или оштетена на начин што оневозможува нејзино користење, сопственикот е должен да поднесе барање за замена со нова.

(17) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возило што постапува спротивно на одредбите од ставовите (9) и (12) на овој член.

(18) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственикот на возило што постапува спротивно на одребите од ставовите (15) и (16) на овој член.

(19) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (12) на овој член и ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микротрговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(20) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице што постапува спротивно од одредбите од ставот (19) на овој член.

(21) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственикот на возилото кое постапува спротивно на одредбите од ставот (11) на овој член.

Еколошка налепница

Член 33-а

(1) Еколошките налепници ги доделуваат техничките служби овластени од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да вршат еколошка категоризација на возилата.

(2) Еколошката налепница задолжително треба да има квалитет и заштита утврдени со прописот од членот 11 став (1) алинеја 20 од овој закон.

(3) Не е дозволено да се менува еколошката налепница. Возилото не може да биде во сообраќај на патиштата со поинаква еколошка налепница од пропишаната или со променета налепница од онаа која е доделена од техничката служба.

(4) Еколошката налепница треба да биде поставена на начин утврден со прописот од членот 11 став (1) алинеја 20 од овој закон.

(5) Еколошката налепница треба да биде добро видлива и читлива и да не е оштетена.

(6) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возилото кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член.

Четврти дел

Регистарски таблици

Задолжителност на означување

Член 34

(1) Возилата во сообраќајот на патиштата задолжително се означуваат со две регистарски таблици, освен мопеди (велосипед со мотор), мотоцикли, лесни четирицикли, четирицикли, лесни трицикли, трицикли, приклучни возила, работните машини, тракторски приколки и мотокултиватори што се означуваат со една регистарска таблица.

(2) Трошоците во постапката за издавање на регистарски таблици се на товар на сопственикот на возилото.

Поврзаност на регистарските таблици

Член 35

(1) Регистарските таблици издадени за означување на возилото се однесуваат само за тоа возило.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на посебно барање на сопственикот, означувањето на регистарските таблици може да се изврши по негова желба на поинаков начин.

(3) Регистарските таблици од ставот (2) на овој член се однесуваат само за сопственикот на возилото.

(4) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач кој употребува регистарски таблици на возило за кое не биле издадени.

Содржина на регистарските таблици

Член 36

(1) Регистарските таблици за возила ги изработува правно или физичко лице овластено од Министерството за внатрешни работи.

(2) Регистарските таблици задолжително треба да имаат соодветен квалитет и заштита.

(3) Не е дозволено да се менуваат регистарските таблици на возилото. Возилото не може да биде во сообраќај со поинакви регистарски таблици од пропишаните или со променета регистарска таблица.

(4) Регистарските таблици задолжително треба да бидат наместени на место што го предвидел производителот на возилото, така што ќе бидат добро видливи и читливи, да не се оштетени, да не се скриени и да не се дополнително покриени со налепници, фолии или друг вид на заштита со што ќе се попречи детектирање на регистарската таблица со соодветни технички средства и уреди за снимање.

(5) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возилото што постапува спротивно на одредбите од ставовите (3) и (4) на овој член.

Замена на регистарски таблици

Член 37

(1) Сопственикот на возилото е должен да ги замени регистарските таблици со нови, кога барем една регистарска таблица е изгубена, уништена или оштетена, или кога поради долго користење станале неупотребливи или нечитливи.

(2) При замена за изгубените регистарски таблици се издаваат нови регистарски таблици кои носат друг регистарски број, различен од бројот на изгубените регистарски таблици.

(3) При замена за уништените или неупотребливите регистарски таблици се издаваат нови регистарски таблици со истиот регистарски број.

(4) При замена на изгубена регистарска таблица за возила за кои има издадено лиценца за вршење на јавен превоз, во случај на губење на регистарска таблица се издава регистарска таблица со ист број на која ќе има посебна ознака.

(5) Уништените и неупотребливите регистарски таблици од ставот (1) на овој член се враќаат на надлежниот орган што ги издал.

(6) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возило што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(7) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член за прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(8) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (7) на овој член.

Потврда за пробно возење и пробна таблица

Член 38

(1) Потврда за пробно возење, налог за пробно возење, пробна таблица во хартиена форма и пробна преносliва метална таблица на сопственикот на возилото му овозможуваат привремено користење на нерегистрирано возило на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Потврдата за пробно возење и пробните таблици во хартиена форма се издаваат со важност до пет дена, а евиденцијата за издадените пробни таблици во хартиена форма и потврди за пробно возење ја води Министерството за внатрешни работи и истите ги чуваат една година.

(3) Налогот за пробно возење и пробните преносливи метални таблици можат да се издадат за календарската година за која се користат пробните преносливи метални таблици на правни лица кои вршат производство и/или пуштаат возила на пазар, а евиденцијата за издадени налози и пробни пренсливи таблици, ја води Министерството за внатрешни работи ја чува две години.

(4) Издадената потврда за пробно возење и пробната таблица од ставот (2) на овој член, како и налогот за пробната преносliва метална таблица и пробната таблица од ставот (3) на овој член се користат за означување само на возило со кое се врши пробно возење.

(5) Министерството за внатрешни работи за еден регистерски број од пробната преносliва метална таблица, издава еден и/ или повеќе налози за пробно возење и користење на возило со пробна преносliва метална таблица во текот на календарската

година за која важи пробната преносliва метална таблица издадена/и на правните лица кои вршат производство и/или пуштаат возила на пазар, врз основа на нивно барање.

(6) Правните лица кои вршат производство и/или пуштаат возила на пазар кон барањето од ставот (5) на овој член, ги приложуваат следните докази:

а) правните лица кои вршат производство:

- доказ за регистрирана дејност,

- доказ за склучено задолжително осигурување од авто одговорност за календарската година за која ќе ја користи пробната преносliва метална таблица и налог за пробно возење и користење на возило/а,

- потврда за сообразност за одобрен тип на возило и/или потврда за утврдени техничко-експлоатациони карактеристики за тип на возило/а издадена од производителот или неговиот застапник во Република Северна Македонија и

- платени такси;

б) правните лица кои пуштаат возила на пазар:

- доказ за регистрирана дејност,

- доказ за склучено задолжително осигурување на возилата кои ги пуштаат на пазар за календарската година за која ќе ја користат пробната преносliва метална таблица и налогот за пробно возење и користење на возило/а,

- потврда за сообразност за одобрен тип на возило за ново возило или потврда за сообразност, односно согласност за регистрација за половно увезено возило или потврда за утврдени техничко-експлоатациони карактеристики за тип на возило издадена од производител или негов застапник во Република Северна Македонија,

- доказ за регулирани царински обврски за возилото/а и

- платени такси.

(7) Налогот за пробно возење и пробната преносliва метална таблица се користат за означување на возила кои се во сопственост на правните лица кои вршат производство и/или пуштаат возила на пазар или се под царински надзор. Издадените потврди за пробно возење, налог за пробно возење и пробните таблици од ставовите (2) и (3) на овој член, сопственикот на возилото може да ги користи исклучиво за движење до места определени за технички преглед на возила, до надлежен орган за регистрација на возила, спроведување на царинска постапка, постапка за одобрување на возила, преправка односно поправка, изложба, манифестација, односно продажба на возила, места за складирање или чување, како и за возила со кои се врши пробно возење.

(8) При користење на пробната преносliва метална таблица правните лица кои вршат производство и/или пуштаат возила на пазар задолжително е потребно да имаат налог за пробно возење и користење на возило со пробна преносliва метална таблица.

(9) За издадените потврда за пробно возење, налог за пробно возење и пробна таблица од ставовите (2) и (3) на овој член, регистар води Министерството за внатрешни работи.

(10) Евиденцијата за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици во хартиена форма, водат овластени правни лица за вршење на технички преглед на возила и правни лица кои пуштаат возила на пазар.

(11) Податоците содржани во регистарот, односно евиденцијата од ставовите (9) и (10) на овој член се чуваат во времетраење од три години.

(12) Министерството за внатрешни работи како и правното лице за вршење технички преглед на возила или правното лице кое пушта возила на пазар се должни во просторијата каде се поднесува барање за издавање на потврди за пробно возење и пробни таблици, на видливо место да истакнат информација за начинот на користење и употреба на потврдата за пробно возење и пробната таблица заради информираност.

(13) Во случајот од ставот (2) на овој член, потврдата за пробно возење и пробната таблица во хартиена форма ја издава Министерството за внатрешни работи непосредно или преку правно лице за вршење технички преглед на возила или преку правно лице кое се занимава со пуштање на пазар на возила.

(14) Министерот за внатрешни работи со решение ја утврдува висината на трошоците за издавање на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна преносliва метална таблица, согласно со трошоците за изработка и печатење на истиот.

(15) Правното лице кое врши технички преглед на возила и правното лице кое пушта возила на пазар за вршење на работите од ставот (2) на овој член ги овластува Министерството за внатрешни работи на негово барање.

(16) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој управува моторно возило во сообраќај на пат на територијата на Република Северна Македонија без да поседува потврда за пробно возење, налог за пробно возење и пробна таблица од ставовите (2) или (3) на овој член.

(17) На овластените правни лица кои вршат технички преглед на возила и правните лица кои вршат производство и/или пуштаат возила на пазар доколку не постапуваат согласно со одредбите од ставовите (2), (3), (4), (7), (8), (10) и (11) на овој член ќе им се изрече глоба за прекршок во износ од 5.000 евра во денарска противвредност.

(18) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (17) на овој член.

Услови за добивање на овластување за издавање на потврда за пробно возење и пробна таблица

Член 38-а

(1) За добивање на овластување од членот 38 од овој закон, правното лице за вршење технички преглед на возила и правното лице кое пушта возила на пазар треба да ги исполнува условите, кои се однесуваат на:

- соодветни просторни услови,

- потребна информатичка опрема,

- евиденцијата за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици,

- соодветен стручен кадар и

- осигурување од професионална одговорност.

Овластување и одземање на овластување за издавање на потврда за пробно возење и пробна таблица

Член 38-б

(1) Овластеното правно лице за вршење технички преглед на возила и правното лице кое се занимава со пуштање возила на пазар се должни постојано да ги исполнуваат условите пропишани со одредбите од членовите 38 и 38-а од овој закон.

(2) Министерот за внатрешни работи со решение ќе му го одземе овластувањето на овластеното правно лице за вршење технички преглед на возила и правното лице кое пушта возила на пазар, ако престане да ги исполнува условите од членовите 38 и 38-а од овој закон.

Означување на возилата

Член 39

(1) Возилата што се регистрирани во друга држава, како и во Република Северна Македонија, а коишто се користат за протоколарни намени на територијата на Република Северна Македонија, се означуваат со регистарски таблици на Република Северна Македонија и за нив се издава сообраќајна дозвола за време на нивното користење.

(2) Регистарски таблици и сообраќајна дозвола за возилата од ставот (1) на овој член издава Министерството за внатрешни работи.

(3) По завршувањето на времето на користење на возилата, сообраќајната дозвола се уништува, а регистарските таблици може повторно да се употребуваат за означување на возила од ставот (1) на овој член.

(4) Ако возилото од ставот (1) на овој член кое се користи во Република Северна Македонија е осигурано од автомобилска одговорност во државата во којашто возилото е регистрирано, за истото возило не се склучува ново осигурување во Република Северна Македонија.

Петти дел

Одјава на возила

Задолжителност на одјава

Член 40

(1) Сопственикот на возилото е должен да го одјави своето возило кај органот што го регистрирал и со одјавата во рок од 30 дена од денот на одјавувањето, да ги врати регистарските таблици, ако:

1) возилото е уништено, односно има статус на искористено возило, согласно со прописите за заштита на животната средина;

2) возилото е трајно изнесено надвор од територијата на Република Северна Македонија;

3) возилото ќе се регистрира во странство заради преселување на сопственикот на возилото, односно од други причини;

4) возилото е украдено;

5) важењето на сообраќајната дозвола истекло пред повеќе од 30 дена, односно пред повеќе од една година за мопеди (велосипеди со мотор), мотоцикли, лесни трицикли, трицикли, лесни четирицикли, четирицикли, возила за домување, приколки за домување и олдтајмери;

6) во времето на важење на сообраќајната дозвола престанало да важи задолжителното осигурување и

7) е извршена промена на регистрационото подрачје.

(2) Во случаите од ставот (1) точка 4 на овој член, сопственикот на возилото е должен само да го одјави своето возило.

(3) Одјава на возило, освен сопственикот кој е евидентиран во сообраќајната дозвола може да изврши и новиот сопственик на возилото ако приложи соодветен документ со кој ја докажува сопственоста.

(4) Сопственикот од ставот (3) на овој член нема обврска да ги врати регистарските таблици ако со купопродажен договор или со писмена изјава дадена во Министерството за внатрешни работи - регистрационо подрачје каде за возилото се води евиденција, ги отстапува на новиот сопственик - купувач и притоа не се врши промена на регистрационото подрачје.

(5) За возила кои се одземени со правосилна судска одлука, одјава на возилата од евиденција на возила врши Министерството за внатрешни работи на барање на новиот сопственик, врз основа на приложен соодветен документ со кој ја докажува сопственоста доставен до органот каде возилото се води во евиденција.

(6) Регистарските таблици со исти ознаки не може да му се издадат на сопственикот на возилото, доколку се изгубени, доколку возилото било украдено или доколку за него биле издадени регистарски таблици со избрана ознака.

(7) Министерството за внатрешни работи е должно да ги чува вратените регистарски таблици 90 дена од денот на нивното враќање.

(8) Ако во временскиот период од ставот (4) на овој член со вратените регистарски таблици не е регистрирано истото возило, тие таблици се уништуваат.

(9) Ако во случајот од ставот (1) точка 5 на овој член, сопственикот не го одјави своето возило и не ги врати регистарските таблици, Министерството за внатрешни работи писмено го известува сопственикот на возилото, дека во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето е должен да ги исполни своите обврски од ставот (1) на овој член.

(10) Ако сопственикот на возилото во рокот од ставот (9) на овој член не ги исполни своите обврски, Министерството за внатрешни работи го брише возилото од евиденцијата на регистрираните возила и презема мерки за одземање на регистарските таблици на трошок на сопственикот на возилото.

(11) Доколку возилото се носи во отпад за возила, сопственикот на возилото кој е евидентиран во сообраќајната дозвола, пред да го носи на уништување, истото го одјавува во Министерството за внатрешни работи – регистрационо подрачје каде возилото се води во евиденција.

(12) При одјавување на возилото согласно со ставот (11) на овој член, Министерството за внатрешни работи – регистрационо подрачје каде возилото се води во евиденција издава потврда дека возилото е одјавено и може да се носи во отпад за возила.

(13) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возило што постапува спротивно на одредбите од став (1) точки 1, 2, 3, 5 и 6 и став (3) на овој член.

(14) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возило што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) точка 4 на овој член.

(15) На правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) точки 1, 2, 3, 5 и 6 и став (3) на овој член, за прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(16) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (15) на овој член.

(17) На правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) точка 4 на овој член, за прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(18) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (17) на овој член.

Должности на сопственикот при одјавување на возилото

Член 41

(1) Сопственикот на возило коешто има статус на искористено возило, согласно со прописите за заштита на животната средина, покрај обврските од членот 40 став (1) точка 1 од овој закон, при одјавувањето на возилото е должен да приложи потврда за преземање на искористеното возило за уништување.

(2) Сопственикот на возило коешто нема статус на искористено возило, согласно со прописите за заштита на животната средина, при одјавувањето на возилото е должен да пополни изјава за локацијата каде се наоѓа возилото. Министерството за внатрешни работи, изјавата ја праќа во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одјавеното возило треба да се наоѓа на локација што е наведена во изјавата од овој став.

(3) Правни или физички лица кои добиле дозвола за вршење на соодветна дејност согласно со прописите за управување со отпад од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање не смеат да извршат преземање на возилото од ставовите (1) и (2) на овој член, ако истото не е одјавено од евиденцијата на регистрирани возила во Министерството за внатрешни работи, односно сопственикот не приложи сообраќајна дозвола во која е евидентирана одјавата на возилото согласно со член 27 став (1) алинеја 2 од овој закон или потврда дека возилото е одјавено издадена од Министерството за внатрешни работи на барање на сопственикот на возилото.

(4) Глоба во износ 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственикот на возилото што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (3) на овој член.

(6) На правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска

противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(7) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (6) на овој член.

ГЛАВА IV
ТЕХНИЧКА ИСПРАВНОСТ НА ВОЗИЛАТА

Прв дел
Општи одредби

Техничка исправност на возилата

Член 42

(1) Возилото во сообраќајот на патиштата треба да биде технички исправно, што значи дека треба да има исправни пропишани системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема и да ги исполнува пропишаните барања во поглед на заштита на животната средина.

(2) Возилото што е регистрирано во странство може да учествува во сообраќајот на патиштата на територијата на Република Северна Македонија доколку има исправни системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема што се пропишани со ратификуваната Конвенција за сообраќајот на патиштата.

(3) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член во сообраќајот на патиштата, вози возило што не ги исполнува пропишаните барања во поглед на:

- уредот за поврзување на влечното и приклучното возило,
- системот за управување,
- системот за кочење и
- пневматиците.

(4) Глоба во износ од 120 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што во сообраќајот на патиштата вози возило што нема пропишани системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, или доколку тие не се исправни.

(5) На правното лице што во сообраќајот на патиштата употребува возило што не ги исполнува барањата од ставот (1) на овој член, за прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (5) на овој член.

Вградување на одобрени системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема

Член 43

(1) Во возило можат да бидат вградени само одобрени системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, доколку за нив е потребно одобрување согласно со одредбите на овој закон и друг закон, како и прописите донесени врз нивна основа.

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице што вградува во возилото системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возило што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(4) На правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(5) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (4) на овој член.

Возила за посебни намени

Член 44

(1) Возило за посебни намени во смисла на членот 18 став (2) од овој закон може да биде вклучено во сообраќајот на патиштата, доколку е направено, опремено, означено и прегледано и доколку за него е издадена важечка потврда за сообразност во согласност со прописите од областа на безбедноста и превозот во патниот сообраќај. Возилото за посебни намени треба да ги исполнува условите од членот 26 ставот (1) на овој закон и да е сообразено со барањата од важечките меѓународни спогодби за одделни видови меѓународен превоз во патниот сообраќај.

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(3) На правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (3) на овој член.

Возила за превоз на група деца

Член 45

(1) Група деца е дозволено да се превезува само со возило коешто *е прописно означено и* ги исполнува барањата пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(4) Глоба во износ од 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (3) на овој член.

Забелешка: Означените зборови во членот 45 став 1 престанале да важат со денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09).

Задолжителна опрема на моторни возила, велосипеди, трактори и запрежни возила

Член 46

(1) Моторните возила, велосипедите, тракторите и запрежните возила во сообраќајот на патиштата треба да ја имаат задолжителната опрема на возилата согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

Трактори надвор од сообраќајот на патиштата

Член 47

(1) Трактор што е надвор од сообраќајот на патиштата и се употребува за извршување на земјоделски, односно шумски работи, треба да има пропишани исправни системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема. Ако на тракторот се вградени сигурносни појаси, возачот и патниците треба да бидат врзани на прописен начин.

(2) На тракторот може да бидат вградени само одобрени системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, доколку за нив е потребно одобрување согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственикот на тракторот што постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на патниците кои не се врзани на прописен начин.

(6) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице што вградува во трактoрот системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член.

(7) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(8) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (7) на овој член.

Прописи на министерот за внатрешни работи

Член 48

(1) Министерот за внатрешни работи ќе донесе поблиски прописи за:

- задолжителна опрема на возилото, велосипедот и запрежното возило за безбедно учество во сообраќајот на патиштата, како и на трактори за безбедно извршување на земјоделски, односно шумски работи согласно со членовите 46 и 47 од овој закон,

- посебни технички барања на возилата со што се превезуваат групи деца согласно со членот 45 од овој закон,

- барања што треба да ги исполнуваат возилата за да бидат технички исправни, како и за начинот и постапката за вршење на технички прегледи согласно со членовите 49 до 53 од овој закон,

- промени на возилата што не значат преправка и поправка и начинот на нивното евидентирање, како и формата и содржината на образецот на потврдата за вградување согласно со членовите 54 и 55 од овој закон,

- начинот и постапката на извршување на прегледот на техничката исправност на возилата со кои се извршува превоз во сообраќајот на патиштата согласно со членот 44 од овој закон,

- висината на трошоците во постапка за проверка на техничката исправност на возилата согласно со член 49 од овој закон,

- начинот и постапката за издавање на доказ согласно со членот 52 став (3) на овој закон,

- начинот и постапката на полагање на стручниот испит, формата и содржината на уверението за положен испит, формата и содржината на образецот на лиценцата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испити од страна на комисијата, согласно со членот 30-г од овој закон и

- висина на трошоците за полагање на стручниот испит кои се во висина на реално потребните трошоци за негово полагање согласно со членот 30-г од овој закон.

(2) Со прописите од ставот (1) на овој член, може да се утврди задолжително користење на технички спецификации.

(3) Со прописите од ставот (1) на овој член може да предвиди користење на стандард, согласно со прописите за стандардизација.

Втор дел

Технички прегледи

Проверување на техничката исправност на возилата

Член 49

(1) Техничката исправност на возилото што учествува во сообраќајот на патиштата се проверува со технички преглед што претставува постапка со која што правното лице за технички преглед ги утврдува податоците во врска со возилото, неговите системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, како и исполнувањето на други барања за нив, определени со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Веродостојноста и точноста на податоците од ставот (1) на овој член, со потпис и печат се потврдуваат и заверуваат на барањето за регистрација од страна на двајцата стручни работници од правното лице за технички преглед.

(3) Одредбите на овој закон кои се однесуваат на роковите за извршување на техничките прегледи, не се применуваат за возилата на Армијата на Република Северна Македонија, како и за возилата што се вклучени во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија.

(4) За возилата од ставот (3) на овој член техничкиот преглед треба да се направи во рок од 30 дена од денот на нивното враќање на територијата на Република Северна Македонија.

(5) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното правно лице за вршење на технички преглед кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај овластеното правно лице за технички преглед што постапува спротивно од одредбите од ставот (5) на овој член.

(7) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на стручниот работник кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Видови на технички прегледи

Член 50

(1) Возила што се вклучени во сообраќајот на патиштата, со исклучок на мотокултиватори, задолжително се прегледуваат на првиот и на периодичните технички прегледи согласно со членот 51 на овој закон.

(2) Возилата треба да бидат прегледани на вонредни технички прегледи, при изведување на нивна проверка согласно со членот 86 на овој закон. Извршениот вонреден технички преглед не влијае на рокот за извршување на периодичните технички прегледи.

Рокови за извршување на редовни технички прегледи

Член 51

(1) Првиот технички преглед се извршува:

1) една година по првата регистрација за:

- товарни возила и друмски тегначи,

- возила за превоз на опасни материи,

- автобуси,

- приклучни возила, освен за лесни приколки, приколки за домување и тракторски приколки, како и за посебни приклучни возила за превоз на чамци, водени скутери и други уреди за спорт и рекреација чијашто најголема вкупна маса поминува 750 kg, но не поминува 3.500 kg,

- возила за јавен превоз на патници,

- возила за превоз за група деца,

- возила што се употребуваат за оспособување на кандидати за возачи и

- возила што се опремени како возила со право на првенство на минување, односно возила за придружба;

2) две години по првата регистрација за мобилни машини, трактори и моторните возила со најмалку четири тркала, кои се користат за превоз на патници со не повеќе од осум седишта, со исклучок на возачкото седиште и за сите други возила кои не се наведени во ставот (1) точки 1) и 3) на овој член и

3) четири години за лесни приколки по купувањето од страна на првиот сопственик.

(2) Периодичните технички прегледи на возилото се извршуваат најмалку еднаш годишно.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, периодични технички прегледи се извршуваат на секои шест месеца за:

- возила за јавен превоз на патници,

- автобуси,

- возила што се употребуваат за оспособување на кандидати за возачи,

- возила што се употребуваат за превоз на група деца,

- возила што се опремени како возила со право на првенство на минување, односно возила за придружба, освен возила кои се користат од противпожарните служби за гасење на пожар, што по облик и намена се возила за гасење на пожар,

- возила за изнајмување (рент-а-кар) и

- возила за превоз на опасни материи.

Возилата што се употребуваат за наведените намени од овој став треба во сообраќајната дозвола да имаат впишана намена, односно облик на каросерија.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, периодичниот технички преглед на возилата од ставот (1) точка 2 на овој член за кои од првата регистрација не се поминати осум години, треба да биде направен на секои две години.

(5) Лесни приколки, приколки за домување и посебни приклучни возила за превоз на чамци, водени скутери и други уреди за спорт и рекреација чијашто најголема вкупна маса е над 750 кг, но не поминува 3.500 кг и тракторски приколки чија сума на технички дозволени оскини оптоварувања е над 1.500 kg треба да бидат технички прегледани на секои четири години.

(6) За возилата кои биле регистрирани во странство, првиот технички преглед се врши пред првата регистрација во РРепублика Северна Македонија, а периодичните технички прегледи се вршат согласно со ставовите (2) до (5) на овој член, сметано од првата регистрација во странство.

(7) На правното лице - сопственик на возило кој постапува спротивно на одредбите од ставот (3) на овој член ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(8) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице што постапува спротивно од одредбите од ставот (7) на овој член.

(9) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на сопственикот на моторно - физичко лице возило кој постапува спротивно на одредбите од ставот (3) на овој член.

Вршење на технички преглед

Член 52

(1) Техничкиот преглед на возилата се врши согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и упатствата на производителот на уредите и опремата што се употребуваат при техничките прегледи.

(2) Доколку на техничкиот преглед е утврдено дека возилото е технички исправно, се издава писмен документ во кој се назначува рокот кога на возилото треба да се направи наредниот технички преглед.

Утврдување на идентификациските ознаки

Член 52-а

(1) На возилата регистрирани во Република Северна Македонија кај кои од кои било причини идентификациската ознака на рамката на возилото (шасијата) или идентификациската ознака на моторот на возилото се оштетени/ нечитливи и истото е утврдено при вршење на технички преглед, правното лице за вршење на технички преглед го известува Министерството за внатрешни работи.

(2) Врз основа на известувањето од ставот (1) на овој член Министерството за внатрешни работи врши увид на возилото, ги утврдува вистинските идентификациски ознаки на возилото и издава упатница за втиснување на истите.

(3) Доколку врз основа на извршениот увид Министерството за внатрешни работи утврди дека возилото е предмет на прекршочна или кривична постапка истото се одзема.

(4) Втиснувањето на идентификациската ознака на возилото (шасијата) или поставување на идентификациска ознаката на моторот на возилото се врши врз основа на упатница издадена од Министерството за внатрешни работи во овластена техничка служба за втиснување на идентификациски ознаки.

Утврдување на преправка или поправка

Член 53

(1) Доколку при техничкиот преглед на возилото се утврди преправка или поправка на возилото заради којашто податоците во сообраќајната дозвола и во регистарот на податоци во врска со возилата не се согласуваат со утврдената состојба на возилото може да се издаде писмен документ за извршен технички преглед само врз основа на дополнително изведена постапка за единечно одобрување во согласност со членот 19 на овој закон, односно со соодветен упис во потврдата за сообразност.

(2) На правното лице за технички преглед кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за технички преглед за сторен прекршок од ставот (2) на овој член.

Трет дел

Промени на возилата

Евидентирани промени на возилото

Член 54

(1) Сопственикот на возилото е должен да побара промените во возилото кои настанале по неговото одобрување, а не претставуваат преправки и поправки согласно со членот 19 на овој закон, да бидат евидентирани кај техничката служба, во рок од 15 дена од денот на извршената промена.

(2) Промените од ставот (1) на овој член се однесуваат на вградување на одделни системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема што се разликуваат од основно вградените, а истите биле одобрени за вградување во конкретниот тип (варијанта, односно изведба) на возило, како што се:

- издувни системи,

- влечни уреди за возилата, чијашто најголема вкупна маса не поминува 3.500 кг, со исклучок на трактори,

- уреди за погон на течен нафтен гас и на компримиран земјен гас,

- спојлери и

- светлосни тела и други.

(3) Вградувањето на одделни системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема од ставот (2) алинеи 1, 2, 4 и 5 на овој член го врши правно или физичко лице што е регистрирано за одржување и поправка на возила, за што издава потврда за вградување.

(4) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на сопственик на возилото кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(5) На правно лице сопственик на возилото кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 200 до 2.000 евра во

денарска противвредност за мали трговци, од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(6) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (5) на овој член.

Овластување за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и компримиран земјен гас

Член 54-а

(1) Вградувањето на уреди за погон на течен нафтен гас и погон на компримиран земјен гас согласно со одредбите на овој закон врши правно лице, кое поседува овластување од производителот на уредите или опремата што ја вградува, кое ги исполнува просторните, материјално–техничките, безбедносните услови како и условите во однос на кадарот за вградување на уредите

(2) Правните лица за да ги вршат работите за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и погон на компримиран земјен гас, треба да бидат овластени со решение од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, на предлог за овластување од Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини.

(3) Правното лице од ставот (2) на овој член за добивање на овластување поднесува барање до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член, потребната придружна документација и трошоците за спроведување на постапката за овластување ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(5) Правното лице од ставот (2) на овој член плаќа трошоци за спроведување на постапката, согласно со ангажираниот персонал и времетраењето на истата.

(6) Овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката по службена должност во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето ги прибавува доказите кои се во надлежност на јавен орган.

(7) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (6) на овој член да ги достави до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето.

(8) Овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката по службена должност во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето, до Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини доставува копија од барањето и придружната документација за прибавување на предлог за овластување од ставот (2) на овој член.

(9) Овластеното службено лице од Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини е должно предлогот за овластување да го достави до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (8) на овој член.

(10) Доколку предлогот за овластување од Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини е негативен, односно правното лице не ги исполнува условите

согласно со прописот утврден во членот 11 став (1) алинеја 14 од овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот за овластување од ставот (9) на овој член, донесува решение со кое се одбива барањето за овластување на правното лице.

(11) Доколку предлогот за овластување од Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини е позитивен, а правното лице ги исполнува условите согласно со прописот утврден во членот 11 став (1) алинеја 14 од овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (7) и предлогот за овластување од ставот (9) на овој член, донесува решение за овластување на правното лице за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и компримиран земјен гас.

(12) Против решението од ставовите (10) и (11) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(13) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини води електронска евиденција за издадените решенија од ставовите (10) и (11) на овој член.

(14) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член.

(15) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (14) на овој член.

(16) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ако по службена должност не ги прибави доказите во дадениот рок во ставот (6) и не го прибави предлогот за овластување за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или на компримиран земјен гас, во дадениот рок во ставот (8) на овој член.

(17) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во ставот (7) на овој член.

(18) Глоба во износ од 25 во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини ако не го достави предлогот за овластување за правното лице од ставот (2) на овој член, во рокот утврден во ставот (9) на овој член.

Неевидентирани промени на возилото

Член 55

(1) За промените на возилото, што немаат поголемо влијание врз безбедноста на сообраќајот на патиштата, односно врз животната средина и може правилно да се извршат на едноставен начин пред почетокот на користење на возилата, сопственикот на возилото не е должен да побара нивно евидентирање.

(2) Промените од ставот (1) на овој член се однесуваат на вградување на багажник, антена, украсни елементи и друго.

ГЛАВА V
УСЛОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ

Прв дел
Техничка служба

Овластување за техничка служба

Член 56

(1) Работите на техничките служби ги вршат правни лица кои се овластени со решение од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, на предлог за овластување за техничка служба од органот за одобрување, а врз основа на издаден Сертификат за акредитација од органот за оцена на компетентност.

(2) Сертификатот за акредитација и неговиот прилог треба недвосмислено и детално да го дефинираат капацитетот и областа на компетенции на техничката служба, односно кадарот, прописите, стандардите и техничките барања кои се применуваат како и во однос на категоријата и видот на возилата, системите, составните делови и самостојните технички единици на кои се однесуваат, а во согласност со барањата од членот 58 од овој закон.

(3) Предлогот за овластување за техничка служба од органот за одобрување од став (1) на овој член, органот за одобрување треба да го донесе врз основа на релевантни проценки и согледувања во однос на содржината на сертификатот за акредитација и неговиот прилог и согледување за капацитетот и резултатите од претходните активности на правните лица од ставот (1) на овој член.

(4) Правното лице од ставот (1) на овој член за добивање на овластување за техничка служба поднесува посебно барање до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, за секое испитно место.

(5) Формата и содржината на барањето од ставот (4) на овој член, потребната придружна документација и трошоците за спроведување на постапката за овластување ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(6) Правното лице од ставот (1) на овој член плаќа трошоци за спроведување на постапката, согласно со ангажираниот персонал и времетраењето на истата.

(7) Овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката по службена должност во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето, доставува барање за доказите кои се во надлежност на јавен орган.

(8) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (7) на овој член да ги достави до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето.

(9) Овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката, ако утврди дека доставената документација е потполна, по службена должност во рок од три работни дена од

денот на приемот на бараните докази од ставот (8) на овој член, е должен до органот за одобрување да достави копија од барањето и придружната документација.

(10) Органот за одобрување од денот на приемот на барањето и доставената документација од ставот (4) на овој член, во рок од 10 дена врши надзор кај правното лице преку Комисија за надзор, со цел да се провери дали се исполнети условите за добивање на Предлог за овластување за техничката служба.

(11) Комисијата за надзор од ставот (10) на овој член ја формира директорот на органот за одобрување, која е составена од претседател и двајца членови, од кои еден член е од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(12) По извршениот надзор на Комисијата за надзор, органот за одобрување изготвува Предлог за овластување за техничка служба и овластеното службено лице од органот за одобрување го доставува до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (7) на овој член.

(13) Доколку предлогот за овластување за техничка служба од органот за одобрување е негативен или правното лице не ги исполнува условите согласно со прописот утврден во членот 11 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 6 од овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (8) на овој член и предлогот за овластување за техничка служба од ставот (12) на овој член, донесува решение со кое се одбива барањето за овластување на правното лице за техничка служба.

(14) Доколку предлогот за овластување за техничка служба од органот за одобрување е позитивен, а правното лице во целост ги исполнува условите согласно со прописот утврден во членот 11 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 6 на овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 15 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (8) на овој член и предлогот за овластување за техничка служба од ставот (12) на овој член, донесува решение за овластување на правното лице за техничка служба.

(15) Против решението од ставовите (13) и (14) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(16) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини води електронска евиденција за издадените решенија од ставовите (13) и (14) на овој член.

(17) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во ставот (7) на овој член.

(18) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ако по службена должност не го побара доказот во дадениот рок во ставот (7) на овој член и ако по службена должност во дадениот рок не достави копија од барањето и придружната документација од ставот (9) на овој член.

(19) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган, ако по службена должност во дадениот рок не достави копија од барањето со придружната документација од ставот (8) на овој член.

(20) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од органот за одобрување, ако не го достави предлогот за овластување за техничка служба во рокот утврден во ставот (12) на овој член.

(21) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што извршува работи без овластување од ставот (1) на овој член.

(22) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (21) на овој член.

Овластување на техничка служба за инспекција и издавање на АДР сертификат

Член 56-а

(1) Инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи, во врска со одредбите од членот 18 ставови (2), (3) и (4) од овој закон, може да врши техничка служба која е овластена да врши единечно одобрување на возила за специјална намена за превоз на опасни материи согласно со членот 17 став (3) алинеја 2 и членот 18 став (2) од овој закон, доколку е овластена со решение од Министерството за внатрешни работи врз основа на издаден Сертификат за акредитација за инспектирање на возила за превоз на опасни материи, согласно со АДР спогодбата, издаден од органот за оцена на компетентност.

(2) Техничката служба од став (1) на овој член за добивање на овластување за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи, поднесува барање до Министерството за внатрешни работи.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката ги пропишува министерот за внатрешни работи.

(4) Техничката служба од ставот (1) на овој член плаќа трошоци за спроведување на постапката за овластување, согласно со ангажираниот персонал и времетраењето на истата.

(5) Кон барањето од ставот (2) на овој член техничката служба до Министерството за внатрешни работи ги доставува следните докази:

- Решение за овластување за техничка служба за единечно одобрување на возила, за специјална намена за превоз на опасни материи, издадено од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,
- Решение за овластување за вршење на работи на технички преглед на возила издадено од Министерството за внатрешни работи, освен за научно-истражувачка институција од областа на возилата,
- Сертификат за акредитација со Прилог кон сертификатот за акредитација за инспекциското тело, во оригинал или копија заверена на нотар,
- тековна состојба, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- докази за вработениот стручен кадар дека е вработен на определено или неопределено време со полно работно време и докази за нивната стручна подготовка,

- доказ за сопственост на просторот за технички преглед на возила, освен за научноистражувачка институција од областа на возилата или договор за закуп на истиот, заверен на нотар со важност од најмалку четири години, согласно со обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице на начин што просторот не се користи од две технички служби,

- доказ за техничка опременост, согласно со обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице,

- доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност,

- извештај за позитивен бонитет,

- доказ за уплатена административна такса согласно со Законот за административни такси и

- доказ за уплатени трошоци за спроведување на постапката за добивање на овластување.

(6) Овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката, по службена должност во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето ги прибавува доказите од ставот (5) алинеи 4 и 9 на овој член.

(7) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (5) алинеи 4 и 9 на овој член да ги достави до Министерството за внатрешни работи во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето.

(8) За добивање на овластување од ставот (1) на овој член правното лице треба да ги исполни условите кои се однесуваат на:

- овластување за вршење на работи на техничка служба за единечно одобрување на возила за специјална намена за превоз на опасни материи и овластување за вршење на работи на технички преглед на возила,

- сертификат за акредитација,

- соодветен стручен кадар (раководител и најмалку двајца стручни работници),

- потребна опрема и уреди,

- соодветен простор (станица за технички преглед) и

- осигурување од професионална одговорност.

(9) Доколку техничката служба не ги исполнува условите од ставот (8) на овој член и одредбите од членот 67 став (1) алинеја 8 од овој закон, Министерството за внатрешни работи во рок од 60 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (5) на овој член, донесува решение со кое го одбива барањето на техничката служба.

(10) Доколку техничката служба ги исполнува условите од ставот (8) на овој член и одредбите од членот 67 став (1) алинеја 8 од овој закон, Министерството за внатрешни работи во рок од 60 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (5) на овој член, донесува решение за овластување на техничката служба да врши инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи.

(11) Против решението од ставовите (9) и (10) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(12) Министерството за внатрешни работи води електронска евиденција за издадените решенија од ставовите (9) и (10) на овој член.

(13) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи, ако не ги побара доказите

по службена должност во рокот утврден во ставот (6) на овој член.

(14) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во ставот (7) на овој член.

(15) На техничката служба што извршува работи без овластување од ставот (1) на овој член, за прекршок ќе и се изрече глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(16) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај техничката служба за сторен прекршок од ставот (15) на овој член.

Работи кои ги врши техничката служба

Член 57

(1) Техничката служба се овластува за вршење особено на следниве работи:

- испитувања, проверки и сертификациони активности поврзани со постапката за одобрување на тип на возило,

- испитувања, проверки и сертификациони активности поврзани со постапката за одобрување на тип на систем, составен дел, самостојни технички единици и опрема,

- утврдување на исполнетоста на техничките барања во постапката за единечно одобрување на возило согласно со барањата пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,

- утврдување на исполнетоста на техничките барања во постапката за единечно одобрување на возило и возило за посебна намена согласно со барањата пропишани во членот 18 на овој закон,

- втиснување на идентификациски ознаки,

- одобрување на преправани и поправани возила согласно со членот 19 на овој закон, како и евиденција на промените согласно со членот 54 на овој закон,

- определува еколошка категорија на возилата и ги означува со еколошка налепница.

(2) Правното лице поднесува барање за овластување за извршување на една или повеќе работи од една или повеќе алинеи од ставот (1) на овој член.

(3) Техничката служба ги извршува или ги контролира испитувањата потребни за одобрување на тип, ги врши потребните проверки, ги спроведува постапките согласно со техничките спецификации и постапува согласно со алтернативните барања.

(4) Техничката служба извршува и задачи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба за возилата за кои е овластена како техничка служба согласно со ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 7 на овој член.

Категории технички служби

Член 58

(1) Техничките служби кои вршат активности поврзани со одобрување на тип кои се спроведуваат согласно со регулативните акти можат да бидат од следниве категории:

- категорија А што извршуваат испитувања во своите простории.

Техничката служба од категорија А може да извршува активности, или да надгледува испитувања согласно со регулативните акти за кои е овластена и во просториите на производителот или на трети лица и

- категорија Б што извршуваат испитувања во просториите на производителот или на трети лица.

(2) Техничките служби кои вршат активности поврзани со сообразноста на производството можат да бидат од следниве категории:

- категорија Ц кои прават почетна оцена и надзор над системот за квалитет на производството и

- категорија Д кои вршат инспекција или тестирање на единица производ или вршат надзор.

(3) Техничките служби од ставовите (1) и (2) на овој член треба да ги исполнат следните стандарди:

- Категорија А - МКС EN ISO/IEC 17025 во врска со општите барања за надлежност на лабораториите за испитување и калибрација,

- Категорија В - МКС EN ISO/IEC 17020 во однос на општите критериуми на работење на различни типови органи кои вршат контрола,

- Категорија С - МКС EN ISO/IEC 17021 во однос на општите барања за органите што работат оценување и сертифицирање/ регистрација на системите за квалитет и

- Категорија D - МКС EN ISO/IEC 17020 во однос на општите критериуми на работење на различни типови органи кои вршат контрола.

(4) Техничката служба која извршува работи во:

- постапката на национално одобрување на тип на мали серии согласно со членот 10 од овој закон,

- единечно одобрување на возила согласно со членовите 17 и 18 од овој закон и фазно одобрување согласно со членот 18 од овој закон,

- одобрување на возила од заклучна серија и возила, системи, составни делови или самостојни технички единици изработени според посебни технологии или начела, согласно со членот 10 од овој закон,

- одобрување на возила за специјална намена за превоз на опасни материи, во врска со одредбите од членот 18 ставови (2), (3) и (4),

- работи по одделни технички спецификации согласно со членот 57 став (3) од овој закон и

- одобрување на преправки и поправки согласно со членот 19 од овој закон, треба да располага со соодветен простор, опрема, уреди и кадар и да покаже соодветни вештини, специфични технички знаења и докажано специфично искуство, посебно за секоја од работите во алинеите од овој став. Просторот, опремата, уредите и кадарот со своите специфични вештини, знаења во специфичните области и докажаното искуство, треба да овозможуваат инженериски испитувања, инженериски оценки, пресметки, спроведување на алтернативни и виртуелни постапки на испитување со цел да се обезбеди соодветно ниво на безбедност на возилата за учество во сообраќајот на

патиштата и заштита на животната средина, во најголем можен степен, посебно за сите области и технички барања во рамките на одделните работи од алинеите на овој став.

Услови за овластување

Член 59

(1) За добивање овластување како техничка служба, правното лице за секој објект во кој врши активности треба да исполнува соодветни услови во поглед на просторот, опрема и кадри и е должно да има соодветни способности, посебните технички знаења и докажано искуство во одделни области согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Постапка за акредитација на техничката служба од ставот (1) на овој член се врши од страна на органот за оцена на компетентноста.

(3) Акредитацијата на техничка служба што извршува работи во:

- постапката на национално одобрување на тип на мали серии согласно со членот 10 од овој закон,

- единечно одобрување на возила согласно со членовите 17 и 18 од овој закон,

- фазно одобрување согласно со членот 18 од овој закон и работи во последната фаза од повеќефазно одобрување на тип,

- одобрување на возила од заклучната серија и возила, системи, составни делови или самостојни технички единици изработени според посебни технологии или начела, согласно со членот 10 од овој закон,

- одобрување за возила за специјална намена за превоз на опасни материи, во врска со одредбите на членот 18 ставови (2), (3) и (4) од овој закон,

- за инспектирање на возила за превоз на опасни материи согласно со АДР спогодбата,

- одобрување на возила за превоз на лесно расипливи прехранбени производи согласно со Спогодбата за меѓународен превоз на лесно расипливи прехранбени производи и опремата на специјалните возила за нивен превоз (АТП), согласно со одредбите од членот 18 став (2) од овој закон,

- работи по одделни технички спецификации, согласно со членот 57 од овој закон и

- одобрување на преправки и поправки согласно со членот 19 од овој закон, се врши согласно со членот 58 став (4) од овој закон и посебните прописи за наведените активности, донесени врз основа на овој закон.

Овластување и одземање на овластувањето

Член 60

(1) Овластената техничка служба е должна трајно да ги исполнува условите за вршење на работите утврдени согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) На предлог на органот за одобрување, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение може да го одземе овластувањето на техничката служба, ако:

- престанала да ги исполнува пропишаните услови за вршење на работите утврдени согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,

- против неа е поведена постапка на стечај или ликвидација,

- престанала да работи врз основа на судска одлука и

- своите работи не ги извршува во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Решението од ставот (2) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(4) Секоја овластена техничка служба Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до Европската комисија ја нотифицира со: називот, седиштето, електронската адреса, името на одговорното лице и категоријата на работите кои ги врши, како и за сите промени на тие податоци.

(5) Овластената техничка служба за инспекција и издавање на АДР сертификат е должна трајно да ги исполнува условите за вршење на работите утврдени согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(6) Министерството за внатрешни работи со решение може да го одземе овластувањето на техничката служба од ставот (5) на овој член, ако:

- престанала да ги исполнува пропишаните услови за вршење на работите утврдени согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,

- против неа е поведена постапка на стечај или ликвидација,

- престанала да работи врз основа на судска одлука и

- своите работи не ги извршува во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Прописи на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини

Член 61

(1) Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини поблиску ги пропишува:

- просторните услови, опремата, уредите и кадрите за техничките служби согласно со членот 59 од овој закон,

- постапките за извршување на работите на техничките служби согласно со членот 57 од овој закон и

- начинот и постапката за донесување и одземање на решението за овластување на техничките служби согласно со членот 56 од овој закон.

(2) Со прописот од ставот (1) алинеја 2 на овој член може да се утврди задолжително користење на техничките спецификации.

Втор дел

Правно лице за технички преглед

Овластување на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

Член 62

(1) Правното лице за технички преглед на возила, за да врши работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, треба да биде овластено со решение од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(2) За добивање на овластувањето од ставот (1) на овој член, правното лице за вршење на технички преглед на возила поднесува барање до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(4) Правното лице од ставот (1) на овој член плаќа трошоци за спроведување на постапката, согласно со ангажираниот персонал и времетраењето на истата.

(5) Овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кое ја води постапката по службена должност во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето, доставува барање за доказите кои се во надлежност на јавен орган.

(6) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (5) на овој член да ги достави до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето.

(7) Во рок од седум дена од денот на приемот на доказите од ставот (6) на овој член, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини врши непосреден увид кај правното лице од ставот (1) од овој член и за извршениот увид се прави записник.

(8) Ако правното лице не ги исполнува условите предвидени со одредбите на прописот утврден во членот 11 став (1) алинеја 2 и критериумите утврдени во членот 67 став (2) од овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од седум дена од денот на направениот записник од ставот (7) на овој член, донесува решение со кое се одбива барањето за овластување на правното лице за технички преглед на возила.

(9) Ако правното лице ги исполнува условите предвидени со одредбите на прописот утврден во членот 11 став (1) алинеја 2 и критериумите утврдени во членот 67 став (2) од овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од седум дена од денот на направениот записник од ставот (7) на овој член, донесува решение за овластување на правното лице за технички преглед на возила да врши работи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

(10) Против решението од ставовите (8) и (9) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(11) Правното лице за технички преглед не може да врши идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на сопствените возила и возилата на вработените во правното лице.

(12) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини води електронска евиденција за издадените решенија од ставовите (8) и (9) на овој член.

(13) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за енергетика, рударство и минерални

суровини, ако по службена должност не го побара доказот во дадениот рок во ставот (5) на овој член.

(14) Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во ставот (6) на овој член.

(15) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице што извршува работи без овластување од ставот (1) на овој член.

(16) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (15) на овој член.

(17) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кој постапува спротивно од ставот (11) на овој член.

(18) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (17) на овој член.

Овластување на Министерството за внатрешни работи

Член 62-а

(1) Правните лица за да вршат работи на технички преглед на возила и регистрација на возила треба да бидат овластени со решение од Министерството за внатрешни работи.

(2) За добивање на овластувањето од ставот (1) на овој член, правното лице поднесува барање до Министерството за внатрешни работи.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката ги пропишува министерот за внатрешни работи.

(4) Правното лице од ставот (1) на овој член плаќа трошоци за спроведување на постапката, согласно со ангажираниот персонал и времетраењето на истата.

(5) Кон барањето од ставот (2) на овој член правното лице до Министерството за внатрешни работи ги доставува следниве докази:

- решение упис и тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија со приоритетна дејност – техничко испитување и анализа,

- за стручниот кадар дека се вработени на определено или неопределено време со полно работно време, стручна подготовка, специјалистички испит, работно искуство, дозвола за возач за најмалку од „Б“ категорија и лиценци за работа,

- за сопственост на просторот за технички преглед на возилата или договор за закуп на просторот за технички преглед на возилата, заверен на нотар со важност од најмалку четири години, согласно со обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице, на начин што просторот не се користи од две или повеќе правни лица за вршење на технички преглед,

- објектот за технички преглед на возила од членот 64 од овој закон да не бил користен од правно лице на кое му било одземено овластувањето за вршење на технички преглед на возила во последните три години, сметано од денот на доставување на барањето од ставот 2 на овој член, (Се укинува со Одлука на Уставен суд на Република Северна Македонија објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 308/20)

- за техничка опременост за вршење на технички преглед на возила, сопствена или договор за закуп, на начин што опремата не се користи од две или повеќе правни лица за вршење на технички преглед, согласно со обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице,

- за склучен договор за осигурување од професионална одговорност,

- извештај за позитивен бонитет, а за правното лице кое е новоосновано изјава на одговорното лице на правното лице, дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за овластување, ќе достави доказ за позитивен бонитет,

- за уплатена административна такса согласно со Законот за административни такси и

- за уплатени трошоци за спроведување на постапката за добивање на овластување.

(6) Овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката, по службена должност, во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето ги прибавува доказите од ставот (5) алинеи 1 и 6 на овој член.

(7) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (6) на овој член да ги достави до Министерството за внатрешни работи во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

(8) Доколку правното лице не ги исполнува барањата и не ги спроведува постапките предвидени со одредбите на прописот од членот 48 став (1) алинеи 3 и 5 и критериумите и постапките утврдени во членот 67 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, Министерството за внатрешни работи во рок од 45 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (5) на овој член, донесува решение со кое го одбива барањето на правното лице.

(9) Доколку правното лице ги исполнува барањата и ги спроведува постапките предвидени со одредбите на прописот од членот 48 став (1) алинеи 3 и 5 и критериумите и постапките утврдени во членот 67 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, Министерството за внатрешни работи во рок од 90 дена од денот на приемот на бараните докази од ставот (5) на овој член, донесува решение за овластување на правното лице да врши работи на технички прегледи на возила.

(10) Против решението од ставовите (8) и (9) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(11) Министерството за внатрешни работи води електронска евиденција за издадените решенија од ставовите (8) и (9) на овој член.

(12) Правното лице за технички преглед не може да врши технички преглед на сопствените возила.

(13) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи, ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во ставот (6) на овој член.

(14) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во ставот (7) на овој член.

(15) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што извршува работи без овластување од ставот (1) на овој член.

(16) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за сторен прекршок од ставот (15) на овој член.

Работи на правното лице за технички преглед и регистрација на возила

Член 63

(1) Правното лице за технички преглед се овластува за вршење на една или повеќе од следниве работи:

- идентификација на возилата,
- идентификација и оцена на техничката состојба на возилата,
- прегледи на возила по посебни барања,
- редовни и вонредни технички прегледи и
- регистрација на возила.

(2) Овластувањето за технички преглед и регистрација на возилото се доделува најмалку за една категорија на возила. Овластувањето за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се доделува само во рамките на овластувањето за технички преглед на возилата.

Услови за добивање на овластување

Член 64

(1) За добивање на овластување од членот 63 од овој закон, правното лице, поодделно за секоја станица за технички преглед, треба да ги исполнува условите кои се однесуваат на:

- објект со намена – станица за технички преглед на возила,
- соодветен стручен кадар, раководител и најмалку двајца стручни работници вработени на определено или неопределено време со полно работно време,
- потребна опрема, уреди и простории и
- осигурување од професионална одговорност.

(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член се издава поодделно за секоја станица за технички преглед на возила.

Овластување и одземање на овластувањето

Член 65

(1) Овластеното правно лице е должно трајно да ги исполнува условите пропишани со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Министерството за внатрешни работи може на правното лице за технички преглед и регистрација на возила со решение да му го одземе овластувањето за вршење технички преглед и регистрација на возила, односно Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини може на правното лице за технички преглед и регистрација на возила со решение да му го одземе овластувањето за вршење идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба, ако:

- престанало да ги исполнува пропишаните услови за вршење на работите утврдени согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,

- регулираните давачки од членот 31 став (2) алинеја 11 од овој закон не ги уплатува на уплатна сметка на соодветните институции,

- не изврши мерење на емисија на издувни гасови или записот од измерените вредности од емисиите на издувните гасови на возилата не го приложува во регистрациониот лист за возилото,

- не изврши мерење и записот од измерените вредности за техничката исправност на системот за сопирање на возилото не го приложува во регистрациониот лист за возилото,

- не изврши мерење и записот од измерените вредности за техничка исправност на системот за управување на возилото не го приложува во регистрациониот лист за возилото,

- на дневна основа не ги внесува сите податоци во електронскиот софтвер пропишан во член 73-а на овој закон,

- против него е поведена постапка на стечај или ликвидација,

- престанало да работи врз основа на судска одлука и

- своите работи не ги извршува во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Доколку овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи утврди дека правното лице за технички преглед не ги исполнува условите во врска со просторните услови, опремата, уредите, потребните кадри, како и евиденциите кои се водат во правното лице овластено за вршење на технички преглед, ќе изготви записник и со решение ќе му забрани да врши технички преглед на возила, во кое ќе определи рок од 30 дена во кој правното лице треба да ги отстрани посочените недостатоци, во определениот рок од 30 дена, правното лице не може да врши технички преглед на возила.

(4) Ако правно лице овластено за вршење технички преглед не ги отстрани утврдените недостатоци во предвидениот рок од ставот (3) на овој член, Министерството за внатрешни работи со решение му го одзема овластувањето за вршење на технички прегледи на возила на овластеното правно лице.

(5) Ако на правно лице овластено за вршење технички преглед, му е одземено овластувањето за вршење на технички прегледи на возила, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе му го одземе и овластувањето за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

(6) Доколку при надзорот од членот 77 став (2) од овој закон се утврди дека правното лице за вршење на технички преглед, кое е овластено да врши идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, работите не ги извршува согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени од овој закон, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со решение ќе му го одземе овластувањето за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

(7) На овластеното правно лице за вршење на технички преглед и регистрација на возила кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1), ставот (2) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 9 и ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(8) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај овластеното правно лице за технички преглед кое постапува спротивно од одредбите од ставот (7) на овој член.

(9) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководителот и стручниот работник кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 9 и ставот (3) на овој член.

(10) Решението од ставовите (2), (3), (5) и (6) на овој член е конечно и против него може да се поведе спор пред управен суд.

Член 65-а

(1) Доколку во времето на забраната од членот 65 став (3) од овој закон, Министерството за внатрешни работи утврди дека овластеното правно лице врши технички преглед на возила, со решение ќе му го одземе овластувањето за вршење на технички преглед на возила.

(2) Покрај одземањето на овластувањето на правното лице за вршење на технички преглед на возила од ставот (1) на овој член ќе се одземе лиценцата на раководителот и стручните работници во станицата за технички преглед.

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за вршење на технички преглед кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај овластеното правно лице за технички преглед што постапува спротивно од одредбите од ставот (3) на овој член.

(5) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководителот и стручниот работник кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

Полагање на испит и обновување на знаењето

Член 66

(1) Кандидатите за извршување на работите на стручен раководител и стручен работник за технички преглед во правните лица за технички преглед треба да положат стручен испит за оспособеност. Стручниот испит се полага пред комисија формирана од министерот за внатрешни работи која е составена од претседател и два члена. На кандидатот што успешно ќе го положи стручниот испит, комисијата му издава уверение за положен испит.

(2) Кандидатите за извршување на работите во правните лица за технички преглед кои вршат идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, треба да положат стручен испит за оспособеност. Стручниот испит се полага пред комисија формирана од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини која е составена од претседател и два члена. На кандидатот што успешно ќе го положи стручниот испит, комисијата му издава потврда за положен испит.

(3) Врз основа на уверението за положен стручен испит од овој член Министерството за внатрешни работи им издава лиценца за работа на стручните работници.

(4) За издавање на лиценцата за работа стручните работници плаќаат надоместок за трошоци за издавање на лиценцата во висина на стварно направените трошоци за нејзино издавање.

(5) Рокот на важење на лиценцата за работа на стручните работници е четири години.

(6) Формата, содржината, начинот на издавање на лиценцата и висината на трошоците за издавање на лиценцата ги пропишува министерот за внатрешни работи.

(7) Стручните работници од ставовите (1) и (2) на овој член треба да го обновуваат своето знаење на секои четири години од денот на издавањето на уверението за положен испит.

(8) Кандидатот што не го положил испитот ќе се упати на повторно полагање во рок од 30 дена од денот на добивање на резултатите од испитот.

(9) Во периодот до повторно полагање на стручниот испит кандидатот нема право да извршува работи за кои е потребен стручниот испит.

(10) Трошоците за полагање на стручниот испит се на товар на барателот од ставовите (1) и (2) на овој член.

(11) За издадените лиценци од ставот (3) на овој член, Министерството за внатрешни работи води евиденција на издадени и одземени лиценци на стручни работници кои вршат технички преглед на возила.

(12) Евиденцијата со податоци од ставот (11) на овој член се чува 15 години.

Член 66-а

(1) Стручен испит од член 66 став (1) од овој закон може да полага лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да има живеалиште во Република Северна Македонија,

- да има завршено специјалистичко образование за контролор за технички преглед на возила,

- да има завршено машински факултет, сообраќаен факултет или електро – технички факултет и работен стаж од најмалку шест месеци од областа на моторни возила или да има завршено средно техничко училиште од машинска, сообраќајна или електротехничка насока и работен стаж од најмалку дванаесет месеци од областа на моторни возила и

- да има возачка дозвола за управување на возило најмалку од "Б" категорија.

(2) По исклучок од став (1) на овој член лицата кои имаат завршено високо образование машински факултет, сообраќаен факултет или електро – технички факултет не треба да го исполнуваат условот од алинеја 3.

(3) Овластеното правно лице за технички преглед на возила за секоја станица за технички преглед на возила треба да има соодветен стручен кадар – раководител и две стручни лица за вршење на технички преглед на возила.

(4) Во случај на објективна попреченост во извршување на редовните работни задачи, стручното лице за вршење на технички преглед се заменува од страна на раководител кој ги исполнува условите за стручно лице за вршење на технички преглед и кој е вработен во станицата за технички преглед, но не повеќе од триесет работни дена во текот на една календарска година.

(5) Испитот од членот 66 став (1) од овој закон се состои од теоретски дел, со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите, се полага писмено по електронски пат, со

одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, во случај кога единствениот електронски систем за полагање на испитите не е во функција како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а поради крајна итност за да не дојде до застој во континуираното вршење на работите во станиците за технички преглед на возила, испитот од членот 66 став (1) од овој закон ќе се спроведе во хартиена форма.

(7) Базите на прашања за првиот дел на испитот од ставот (1) на овој член ги изготвуваат универзитетски професори во областа на возилата и лица со најмалку десет години работно искуство во областа на возилата согласно со членот 66 став (2) од овој закон,

(8) Прашањата од испитот ги верификува Комисија за полагање на стручниот испит од членот 66 став (1) од овој закон, а воедно врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку двапати годишно.

(9) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит од ставот (1) на овој член ги врши Министерството за внатрешни работи, за што министерот за внатрешни работи определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за внатрешни работи.

(10) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базите од ставот (7) на овој член.

(11) При ревизија Комисијата од членот 66 став (1) од овој закон особено ги има предвид измените на прописите на кои се засновани прашањата, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базата од ставот (7) на овој член.

(12) Членовите на Комисијата за верификација согласно со членот 66 став (1) од овој закон имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за внатрешни работи и истиот се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и од сложеноста на материјата.

(13) Годишниот паричен надоместок не го надминува износот од три просечни месечни плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

(14) Со глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од ставот (9) на овој член кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови на овој закон.

(15) На одговорното лице од ставот (9) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение.

Член 66-б

(1) Стручен испит од член 66 став (2) од овој закон може да полага лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да има живеалиште во Република Северна Македонија,

- да има завршено машински факултет, сообраќаен факултет или електро – технички факултет и работен стаж од најмалку шест месеци од областа на моторни возила или да има завршено средно техничко училиште од машинска, сообраќајна или електротехничка насока и работен стаж од најмалку дванаесет месеци од областа на моторни возила.

(2) Испитот од членот 66 став (2) од овој закон се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите, се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер и

- втор дел (практичен испит), каде што кандидатите кои го положиле првиот дел (теоретскиот дел) на испитот, се проверува практичната способност на кандидатите врз возило за кое треба да изготви согласност за регистрација или писмо за одбивање.

(3) Базите на прашања за првиот дел на испитот од ставот (1) на овој член ги изготвуваат универзитетски професори во областа на возилата и лица со најмалку десет години работно искуство во областа на возилата согласно со членот 66 став (2) од овој закон.

(4) Прашањата од испитот ги верификува Комисија за полагање на стручниот испит од членот 66 став (2) од овој закон, а воедно врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку двапати годишно.

(5) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит од ставот (1) на овој член ги врши Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, за што министерот за енергетика, рударство и минерални суровини определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(6) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети заменети со нови од базите од ставот (3) на овој член.

(7) При ревизија Комисијата од членот 66 став (2) од овој закон особено ги има предвид измените на прописите на кои се засновани прашањата, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базата од ставот (3) на овој член.

(8) Членовите на Комисијата за верификација согласно со членот 66 став (2) од овој закон имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и истиот се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и од сложеноста на материјата.

(9) Годишниот паричен надоместок не го надминува износот од три просечни месечни плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

(10) Со глоба од 150 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од ставот (5) на овој член кое ќе дозволи испитот да го полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови на овој закон.

(11) На одговорното лице од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини донесува решение.

Член 66-в

(1) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот наредeн термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(2) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(3) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот преку веб страната на Министерството за внатрешни работи и Јавниот радиодифузен сервис.

(4) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот преку веб страната на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Јавниот радиодифузен сервис.

(5) Полагањето на испитот од членот 66 став (1) од овој закон се снима.

(6) Полагањето на испитот од членот 66 став (2) од овој закон се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за економија.

(7) Правното лице кое го спроведува стручниот испит треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит кои услови поблиску ги пропишува министерот за внатрешни работи.

(8) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(9) Во просторијата за полагање на испитот од членот 66 ставови (1) и (2) од овој закон, за време на полагање на испитот се присутни претседателот и членовите на комисијата за полагање на испитот.

(10) На членовите од Комисијата за полагање на испитот од став (9) на овој член за секоја одржана испитна сесија од член 66 став (1) од овој закон им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение.

(11) На членовите од Комисијата за полагање на испитот од став (9) на овој член за секоја одржана испитна сесија од член 66 став (2) од овој закон им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини донесува решение.

(12) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френфекцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(13) Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фрекфенциските опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(14) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(15) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот за испитот од член 66 став (1) од овој закон го доставува до Министерството за внатрешни работи и за испитот од член 66 став (2) од овој закон го доставува до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитот.

(16) На овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 66-а став (5) и членот 66-б став (5) од овој закон доколку не го блокира радиофреквенциските опсег во просторијата за полагање на испитот, ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(17) На овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 66-а став (5) од овој закон доколку не го снима, ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци во денарска противвредност.

(18) На овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 66-б став (5) од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци во денарска противвредност.

Член 66-г

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, претставник од надлежните министерства кои го организира испитот, го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закон и подзаконски прописи, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(5) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2) и (3) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на испитот од член 66 став (1) и став (2) од овој закон во траење од три години, за што Министерството за внатрешни работи или Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини донесуваат решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(8) Овластените претставници од надлежните министерства кои го организираат испитот, за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(9) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 66-б став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на ставот (8) на овој член.

(10) На овластената институција која го спроведува испитот, доколку не го прекине испитот согласно со ставовите (4) и (5) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(11) Глоба во износ од 250 евра во денарска противредност ќе им се изрече на овластените преставници од членот 66-в став (9) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2) и (3) на овој член.

(12) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на ставовите (2) и (3) на овој член.

Член 66-д

(1) Стручниот испит од членот 66 ставови (1) и (2) од овој закон започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел).

(2) Вториот дел од испитот од членот 66 став (2) од овој закон се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Министерот за внатрешни работи со Правилник го пропишува начинот на бодување на испитот од членот 66 став (1) од овој закон.

(4) Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини со Правилник го пропишува начинот на бодување на испитот од членот 66 став (2) од овој закон.

Член 66-ѓ

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот од членот 66 став (2) од овој закон е кандидатот да го положи првиот дел од испитот.

(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 66-е

(1) Вториот дел од испитот од членот 66 став (2) од овој закон се состои од практичен пример, односно се врши идентификација и оцена на техничката состојба на возило за кое треба да изготви согласност за регистрација или писмо за одбивање на нумерирани обрасци.

(2) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот од членот 66 став (2) од овој закон ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 66-ж

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит од членот 66 став (2) од овој закон се врши идентификација и оцена на техничката состојба на возило за кое треба да изготви согласност за регистрација или писмо за одбивање на нумерирани обрасци.

(4) Кандидатот кој полага практичен испит ги пополнува Согласноста за регистрација на возилото или писмото за одбивање и во зависност од пополнетите обрасци, тие се вреднуваат со поени.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори од членот 66 став (1) од овој закон се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит во Министерството за внатрешни работи.

(6) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори од членот 66 став (2) од овој закон се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(7) Електронските системи од ставовите (5) и (6) на овој член содржат и јавно достапна база од најмалку 100 прашања за секоја област.

(8) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот.

(9) Бројот на прашања и практични примери во базите од ставот (7) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.

(10) Резултатите од полагањето на првиот дел од испитот од членот 66 ставови (1) и (2) од овој закон му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Член 66-з

(1) На денот на полагањето на првиот дел од испитот од членот 66 став (1) од овој закон претставник на Министерството за внатрешни работи на кандидатот му дава пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 66-ж од овој закон.

(2) На денот на полагањето на првиот дел од испитот од членот 66 став (1) од овој закон претставник на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на кандидатот му дава пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 66-ж од овој закон.

(3) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 66-ж став (5) од овој закон, од базите од членот 66-ж став (7) од овој закон.

(4) Првиот дел од испитот од членот 66 став (1) од овој закон содржи упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за внатрешни работи дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(5) Првиот дел од испитот од членот 66 став (2) од овој закон содржи упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини им дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(6) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

Член 66-ѕ

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот дел од испитот од членот 66 ставови (1) и (2) од овој закон, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 66-ж од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 66-и

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 66-ј

(1) Вкупното траење на времето определено за полагање на вториот дел на испитот од членот 66 став (2) од овој закон изнесува 90 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 66-к

(1) На кандидатите кои го положиле испитот од членот 66 став (1) од овој закон им се издава уверение за положен испит во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) На кандидатите кои го положиле испитот од членот 66 став (2) од овој закон им се издава потврда за положен испит во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(3) На барање на кандидатот кој полагал испит од членот 66 став (1) или (2) од овој закон Министерството за внатрешни работи или Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 66-л

(1) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и нумерираните обрасци за согласност за регистрација на возило или решение за одбивање за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(2) Министерот за внатрешни работи формира Комисија за ревизија на одржаните испити од членот 66 став (1) од овој закон, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (1) на овој член и во која, покрај претставник од Министерството за внатрешни работи, членуваат и претставник од Комисијата за полагање на испитот и информатичар од Министерството за дигитална трансформација определен од Владата на Република Северна Македонија.

(3) Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Комисија за ревизија на одржаните испити од членот 66 став (2) од овој закон, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (1) на овој член и во која, покрај претставник од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, членуваат и претставник од Комисијата за полагање на испитот и информатичар од Министерството за дигитална трансформација определен од Владата на Република Северна Македонија.

(4) Комисијата за ревизија од ставот (2) на овој член се состанува по секој одржан испит и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали истиот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно член 66-а став (1) од овој закон, за што доставува извештај до министерот за внатрешни работи.

(5) Комисијата за ревизија од ставот (3) на овој член се состанува по секој одржан испит и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали истиот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно член 66-б став (1) од овој закон, за што доставува извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(6) На членовите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член им следува паричен надоместок кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што надлежното министерство донесува решение.

(7) Доколку Комисијата од ставот (3) на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 66-е став (5) од овој закон, предлага одземање на потврдата за положен испит согласно со членот 66 став (2) од овој закон.

(8) Министерството за внатрешни работи донесува решение за одземање на уверението за положен испит од членот 66-ј од овој закон врз основа на предлогот на Комисијата од ставот (2) на овој член во рок од три дена од приемот на предлогот.

(9) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини донесува решение за одземање на потврдата за положен испит од членот 66-ј од овој закон врз основа на предлогот на Комисијата од ставот (2) на овој член во рок од три дена од приемот на предлогот.

(10) Против решението од ставовите (6) и (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 66-љ

(1) Висината на надоместокот од членот 66 став (10) од овој закон ја определува министерот за внатрешни работи врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот од членот 66 став (1) од овој закон неопходни за спроведување на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенијата за положен испит.

(2) Висината на надоместокот од членот 66 став (10) од овој закон ја определува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот од членот 66 став (2) од овој закон неопходни за спроведување на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на потврдите за положен испит.

(3) Трошоците за полагање на испитот од членот 66 став (1) од овој закон се уплатуваат на посебна сметка на сопствени приходи на Министерството за внатрешни работи.

(4) Трошоците за полагање на испитот од членот 66 став (2) од овој закон се уплатуваат на посебна сметка на сопствени приходи на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

(5) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за внатрешни работи или Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

(6) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Прописи на министерот

Член 67

(1) Министерот за внатрешни работи за областа технички преглед ќе донесе прописи за:

- поблиските критериуми за просторните услови, опремата, уредите и кадрите за правните лица за технички преглед и регистрација на возила, како и за калибрацијата и верификацијата на уредите и опремата согласно со членот 64 од овој закон,

- постапки за извршување на работите на технички преглед и регистрација на возила согласно со членот 63 од овој закон,

- начинот и постапката за донесување и одземање на решението за овластување на правното лице за технички преглед и регистрација на возила согласно со членовите 62 и 65 од овој закон,

- категории на возила за кои се издава овластувања за технички преглед и регистрација на возила на возила согласно со членот 63 став (2) од овој закон,

- начинот и постапката на полагање на стручниот испит, формата и содржината на образецот на уверението за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испити од страна на комисијата согласно со членот 66 од овој закон,

- начинот на спроведување на испитот од членот 66-а став (6) од овој закон,

- висината на трошоците за полагање на стручниот испит се во висина на реално потребните трошоци за негово полагање согласно со членот 66 став (1) од овој закон и

- висината на трошоците за полагање на стручниот испит согласно со членот 66 став (6) од овој закон.

поблиските услови што треба да ги исполнуваат техничките служби за единечно одобрување на возила за специјална намена за превоз на опасни материи кои вршат работи на инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи, евиденции што треба да ги водат за извршена инспекција и издавање на АДР сертификат, начин и постапка за издавање на АДР сертификатот, како и формата и содржината на АДР сертификатот,

- форма на евиденција и содржина за издадени и одземени лиценци на стручните работници кои вршат технички преглед на возила,

- начинот на водење на евиденциите за извршениот технички преглед на возилата,

(2) Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини за областа идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата ќе донесе прописи за:

- поблиските критериуми за просторните услови, опремата, уредите и кадрите за правните лица за технички преглед согласно со членот 64 од овој закон,

- постапки за извршување на работите на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата согласно со членот 21 од овој закон,

- начинот и постапката за донесување и одземање на решението за овластување на правното лице за технички преглед за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата согласно со членовите 62 и 65 од овој закон,

- категории на возила за кои се издава овластувања за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата согласно со членот 63 став (2) од овој закон,

- начинот и постапката на полагање на стручниот испит, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испити од страна на комисијата согласно со членот 66 на овој закон,

- висината на трошоците за полагање на стручниот испит се во висина на реално потребните трошоци за негово полагање од членот 66 став (2) од на овој закон и

- висината на трошоците за полагање на стручниот испит согласно со членот 66 став (6) од овој закон.

Трет дел

Правно лице за регистрација на возила

Член 68

е избришан.

Член 69

е избришан.

Член 70

е избришан.

Член 71

е избришан.

Член 72

е избришан.

ГЛАВА VI
РЕГИСТАР НА ВОЗИЛА

Регистар на возила

Член 73

(1) Министерството за внатрешни работи води Регистар на возила кој има за цел да овозможи да се воспостави хармонизиран систем за размена на податоци меѓу субјектите од областа на возилата за: одобрување, пуштање на пазар, технички преглед, регистрација и пуштање во сообраќај на патиштата, согласно со одредбите од овој закон и подзаконските прописи од областа на возилата, кој содржи податоци за:

- одобрените типови возила (број и датум на одобрение за тип на возило, податоци за возилото: марка, тип, варијанта и верзија на возилото, тип на мотор, зафатнина на моторот, силина на моторот, гориво, подносител на барање за издавање на одобрение и назив на правното лице со ЕМБС на кој му е одобрен типот на возило),

- издадените потврди за сообразност за единечно одобрено возило, согласности за регистрација, матрица за оцена на отстапувањата од критериумите кои што треба да ги исполни возилото за да добие статус на возило со историска вредност, статус на возилото со историска вредност, потврда за податоци за возилото со историска вредност, потврди за сообразност на преправени и поправени возила, АДР сертификат (податоци за возилото: број на шасија, марка, тип/варијанта/верзија на возилото, тип на мотор, зафатнина на моторот, силина на моторот, гориво, број на моторот, податоци за сопственикот на возилото: име и презиме со ЕМБГ или назив на правното лице со ЕМБС, адреса или седиште на сопственикот на возилото, телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса), потврда за еколошка категоризација на возилото,

- вид и износ на уплатите и надоместоците кои се уплаќаат при постапка за добивање на одобрение на тип и при постапка за добивање на одобрение за единечно возило,

- одобрение за доделување на идентификациски ознаки на возилото (број на шасија и број на мотор), (податоци за содржани во одобрението, број и датум на наод за возилото од техничка служба, марка, комерцијална ознака на возилото, тип на возило, тип на мотор и податоци за сопственикот на возилото),

- регистрираните возила (број на регистерска таблица, број на пробна таблица, сериски број на сообраќајна дозвола, сериски број на потврда за пробно возење, податоци за возилото марка, тип/варијанта/верзија на возилото, тип на мотор, зафатнина на моторот, силина на моторот, гориво, број на моторот и боја на возилото, податоци за сопственикот или корисникот на возилото: име и презиме со ЕМБГ или назив на правното лице со ЕМБС, адреса или седиште на сопственикот или корисникот на возилото),

- потврдите за утврдени минимално – технички и експлотациони карактеристики за мобилни машини (број и датум на потврдата, податоци за издавачот на потврдата, податоци од потврдата за мобилната машина: марка, тип/ варијанта/изведба, комерцијална ознака, број на шасија, година на производство, број на сертификат за сообразност, тип на мотор, зафатнина на моторот, силина на моторот, гориво, број на моторот),

- историјат за сопствениците на возилата (име и презиме со ЕМБГ или назив на правното лице со ЕМБС, адреса или седиште на сопственикот на возилото) и историјат на регистарските таблици кои им се доделени за возилата во нивна сопственост,

- промените на сопственост на возилото (нови или стари регистерски таблици, доказ за промена на сопственост, податоци за корисникот на возило (име и презиме со ЕМБГ или назив на правното лице со ЕМБС, адреса или седиште на сопственикот или корисникот на возилото),

- одјавените возила, (податоци за возилото: број на шасија, година на производство, тип на мотор, зафатнина на моторот, силина на моторот, гориво, број на моторот и број на регистрација),

- вид и износ на уплатите и надоместоците кои се уплаќаат при технички преглед на возилата, број на изминати километри на возилото и потврда за техничка исправност на возилото,

- новите и половните увезени возила во Република Северна Македонија, како и за извезените возила од Република Северна Македонија (број на регистерска таблица или пробни таблици, број на сообраќајна дозвола, потврда за пробно возење, податоци за возилото марка, тип/варијанта/верзија на возилото, тип на мотор, зафатнина на моторот, силина на моторот, гориво, број на шасија, број на моторот и боја на возилото),

- уништените возила (број на регистерска таблица, број на сообраќајна дозвола, податоци за возилото: број на шасија, марка, тип, варијанта и верзија на возилото, маса на возилото и податоци за сопственикот на возилото),

- патен надзор на техничката исправност на возилата кои учествуваат во сообраќајот на патиштата (податоци за возилото – број на шасија, регистерски ознаки, број на сообраќајна дозвола, број и датум на записник за утврдена техничка состојба на возилото за извршен вонреден технички преглед на возило и податоци за овластеното правно лице за вршење на технички преглед),

- спроведените стручни испити (податоци за контролор –име и презиме, ЕМБГ, адреса, издадени лиценци за стручни работи), податоци за лицата што имаат пристап до техничката исправност на возилата, (име и презиме, ЕМБГ, адреса и број на лиценца) и

- доказ за осигурување од автоодговорност (број на полиса, назив на осигурителна компанија, датум и рок на осигурување и опсег на осигурувањето).

(2) Податоците од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член електронски ги обезбедуваат, овластените технички служби и се должни истите дневно да ги внесуваат во Регистарот на возила.

(3) Податоците од ставот (1) алинеја 4 на овој член електронски ги обезбедува органот за одобрување на возила и е должен истите дневно да ги внесува во Регистарот на возила.

(4) Податоците од ставот (1) алинеи 5, 7, 8, 9, 13 и 14 на овој член ги внесува Министерството за внатрешни работи и е должно истите дневно да ги внесува во Регистарот на возила. Податоците од ставот (1) алинеја 8 од овој закон, кои се однесуваат на доказот за промена на сопственост, покрај Министерството за внатрешни работи, во Регистарот на возила електронски ги внесува и нотарот, на денот на заверката на договорот за промена на сопственост.

(5) Податоците од ставот (1) алинеја 6 на овој член електронски ги обезбедува, овластеното правно лице за вршење на технички преглед на возила овластено за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на мобилните машини или техничката служба овластена да врши идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на мобилните машини и се должни истите дневно да ги внесуваат во Регистарот на возила.

(6) Податоците од ставот (1) алинеја 10 на овој член електронски ги обезбедува, овластеното правно лице за вршење на технички преглед на возила и е должно истите дневно да ги внесува во Регистарот на возила.

(7) Податоците од ставот (1) алинеја 11 на овој член електронски ги обезбедува, Царинската управа на Република Северна Македонија и е должна истите дневно да ги внесува во Регистарот на возила.

(8) Податоците од ставот (1) алинеја 12 на овој член електронски ги обезбедува, овластеното правно лице за преземање на уништени возила и е должно истите дневно да ги внесува во Регистарот на возила.

(9) Податоците од ставот (1) алинеја 15 на овој член електронски ги обезбедува, Националното биро за осигурување и е должно истите дневно да ги внесува во Регистарот на возила.

(10) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од ставовите (3), (4) и (7) на овој член, ако дневно не се внесени бараните податоци.

(11) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластените технички служби, овластеното правно лице за вршење на технички преглед на возила, овластеното правно лице за преземање на уништени возила, овластеното правно лице за вршење на технички преглед на возила овластено за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на мобилните машини, техничката служба овластена да врши идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на мобилните машини и Националното биро за осигурување од ставовите (2), (5), (6), (8) и (9) на овој член ако дневно не се внесени бараните податоци.

(12) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај техничката служба за сторен прекршок од ставот (11) на овој член.

(13) Податоците за одјавените возила во Регистарот на возила се чуваат 20 години, сметано од денот на одјавување на возилото.

(14) Сопственикот на возилото е должен во овластеното правно лице за вршење на технички преглед, веднаш по промената, а најдоцна во рок од три дена да ги ажурира податоците за сопственикот од ставот (1) алинеја 2 на овој член, кои се однесуваат на телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса.

(15) Глоба во износ од 100 евра во денарска противредност ќе му се изрече на сопственикот на возилото доколку не постапи согласно со одредбите од ставот (14) на овој член.

(16) Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правното лице доколку не постапи согласно со одредбите од ставот (14) на овој член.

(17) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (16) на овој член.

Пристап до податоците во Регистарот на возила

Член 73-а

Пристап до податоците во Регистарот на возила од членот 73 став (1) од овој закон може да имаат: Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животната средина и просторно планирање, Бирото за метрологија, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Управата за финансиска полиција, Царинската управа на Република Северна Македонија, Државниот инспекторат за транспорт, Јавното претпријатие за државни патишта и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија,

Националното биро за осигурување, техничките служби, нотарите, извршителите, правните лица за технички преглед и правните лица за технички преглед кои се овластени за идентификација и за идентификација на возила и мобилни машини.

Член 73-б

е избришан.

Член 73-в

е избришан.

Лични податоци содржани во Регистарот на возила

Член 74

(1) Личните податоци може да се користат согласно со целите пропишани со овој закон и во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци внесени во регистарот од членот 73 на овој закон веднаш се бришат во случаите кога ќе се утврди дека не се точни, или престанале причините, заради кои личниот податок е внесен во регистарот.

Достапност до Регистарот на возила

Член 75

(1) Податоците содржани во регистарот од членот 73 на овој закон од нивното внесување, до нивното бришење од регистарот можат да се даваат под услови и на начин утврдени согласно со прописот од членот 76 на овој закон.

(2) Производителите на возила, нивни системи, составни делови или самостојни технички единици и опрема, имаат право да добијат податоци во врска со тоа кое лице е сопственик, односно корисник на определено возило, доколку тие податоци им требаат согласно со членот 13 став (4) на овој закон.

(3) Во врска со достапноста на податоците од ставот (2) на овој член, одлучува министерот за внатрешни работи врз основа на образложените писмени барања и приложените докази во врска со постоењето на околности, заради кои се бара достапност до податоците.

Прописи на министерот за внатрешни работи

Член 76

Министерот за внатрешни работи поблиску ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на возила, критериумите за компјутерски пристап до Регистарот на возила, како и начинот на внесување и достапност на податоци од Регистарот на возила и висината на трошоците за користење на податоците согласно со членовите 73 и 75 од овој закон, организационите и техничките мерки за заштита на личните податоци содржани во Регистарот на возила согласно со прописите за заштита на личните податоци.

ГЛАВА VII
НАДЗОР

Надзор

Член 77

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат:

- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во однос на: исполнувањето на условите за вршење на постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од страна на правните лица за технички преглед кои за тоа се овластени, како и за работењето на техничките служби и

- Министерството за внатрешни работи во однос на: исполнувањето на условите за вршење на постапката за технички преглед од страна на правните лица за технички преглед и во однос на издавањето потврда за пробно возење и пробни таблици.

(2) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини преку органот за одобрување при вршењето на надзорот, врши контролен преглед на најмалку 1% од бројот на прегледаните возила за работите што ги извршува правното лице за технички преглед кое е овластено за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба, односно извршува контролен преглед на 1% од возилата за кои е водена постапка за одобрување.

(3) Министерството за внатрешни работи при вршењето на надзорот врши контролен технички преглед на најмалку 1% од бројот на прегледаните возила за категориите возила за кое е овластено правното лице за технички преглед.

(4) Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини поблиску ги пропишува начинот и постапката за спроведување на одредбите од ставот (2) на овој член.

(5) Министерот за внатрешни работи ги пропишува начинот и постапките за спроведување на одредбите од ставот (3) на овој член.

Инспекциски надзор

Член 78

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, вршат:

- Државниот пазарен инспекторат над законитоста на издавање на потврдата за сообразност од страна на производителите и нивните застапници, над работата на техничките служби, над работата на правните лица за технички преглед на возила кои ги спроведуваат постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, како и над работата на правните лица кои вршат вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и погон на компримиран земјен гас,

- инспекторите или овластени лица од Министерството за внатрешни работи над работата на правните лица за технички преглед на возила, правни лица кои вршат инспекција и издавање на АДР сертификат, како и надзор на техничката исправност на сите возила во сообраќајот на патиштата,

- Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за шумарство во однос на барањата кои треба да ги исполнуваат тракторите надвор од сообраќајот на патиштата, при извршување на земјоделски и шумски работи и

- Државниот инспекторат за животна средина во однос на барањата за заштита на животната средина.

(2) Инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член и надзорот над возила за посебна намена се врши во координација меѓу надлежните инспекциски органи.

Овластување и мерки на инспекторот од Државниот пазарен инспекторат

Член 79

(1) При извршување на инспекцискиот надзор, надлежниот инспектор од Државниот пазарен инспекторат има право:

1) да го провери исполнувањето на условите за вршење на работи за техничка служба и условите за вршење на постапките за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од страна на правните лица за технички преглед, кои за тоа се овластени;

2) да ја прегледа евиденцијата, што треба да ја води техничката служба и правното лице за технички прегледи овластено за постапки на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба врз основа на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

3) да ги добие податоците од регистарот на податоци за возилата што се потребни за вршење на инспекцискиот надзор;

4) да добие податоци и да изврши преглед на техничкото обезбедување на просториите, уреди, опрема, документи, обрасци и печати;

5) да добие копии на документи и други податоци, кои се потребни во врска со извршувањето на инспекцискиот надзор;

6) да одреди мерки за отстранување на неправилностите;

7) да забрани пуштање на пазар или да забрани користење или да отстрани од продажбата возила, системи, составни делови или самостојни техничка единици и опрема, кои не се во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

8) привремено да забрани извршување на работи поврзани со спроведување на одредби од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, до отстранување на утврдените неправилности;

9) да забрани, работата да ја извршува лице, кое не ги исполнува пропишаните услови за вршење на таа работа и

10) да му предложи на надлежниот орган изречување на мерки за отстранување на утврдените неправилности, односно одземање на овластувањето.

(2) Против секоја мерка преземена од државниот пазарен инспектор од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Овластување и мерки на инспекторот од Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за шумарство

Член 80

(1) При извршување на инспекцискиот надзор, надлежниот инспектор од Државниот инспекторат за земјоделство и/или Државниот инспекторат за шумарство во рамките на нивните андлежности утврдени со закон има право:

1) да провери дали трактор што е надвор од сообраќајот на патиштата и се употребува за извршување на земјоделски, односно шумски работи има исправни системи, составни делови или самостојни технички единици и опрема во согласност со барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) дали тракторот е опремен со кабина или заштитна рамка од превртување;

3) да провери дали возачот и патниците ги користат сигурносните појаси и другата заштитна опрема, доколку такви се вградени и предвидени и

4) да преземе мерки за забрана за користење на трактори кои немаат исправни системи, составни делови или самостојни технички единици и опрема во согласност со барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Против секоја мерка преземена од државниот инспектор или овластеното лице за непосреден надзор од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Надзор над правните лица за технички преглед и правните лица кои издаваат потврда за пробно возење и пробни таблици

Член 81

(1) При извршување на надзор, Министерството за внатрешни работи има право:

1) да ја прегледа евиденцијата што треба да ја води правното лице за технички прегледи и правно лице кое издава потврда за пробно возење и пробни таблици, врз основа на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) да добие податоци од регистарот на податоци за возилата што се потребни за вршење на надзор;

3) да добие податоци и да изврши преглед на техничкото обезбедување на просториите, уреди, опрема, документи, обрасци и печати;

4) да добие копии на документи и други податоци, кои се потребни во врска со извршувањето на надзор;

5) да побара од одговорното лице кај правните лица за технички преглед да му овозможи повторно извршување на постапката за утврдување на техничката исправност на одделно возило;

6) да преземе потребни мерки за поништување на издадените документи, доколку при надзор се утврди дека вршителот на постапката од ставот (1) точка 5 на овој член, потврдил техничка исправност на технички неисправно возило;

7) да одреди мерки за отстранување на неправилностите;

8) привремено да забрани извршување на работи поврзани со спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, до отстранување на утврдените неправилности;

9) да забрани работата да ја извршува лице кое не ги исполнува пропишаните услови за вршење на таа работа и

10) да му предложи на надлежниот орган изрекување на мерки за отстранување на утврдените неправилности, односно одземање на овластувањето.

(2) Трошоците за повторената постапка од ставот (1) точка 5 на овој член не се на товар на сопственикот, односно корисникот на возилото, без оглед на резултатот од постапката.

(3) Против секоја мерка преземена при надзорот од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(4) Поведувањето на управниот спор пред надлежен суд, не го одлага извршувањето на решението.

Одземање на лиценцата за работа на раководителот и стручните работници

Член 81-а

(1) Доколку овластеното службеното лице од Министерството за внатрешни работи при контрола на правното лице за вршење технички преглед утврди дека стручниот работник не го врши техничкиот преглед во согласност со одредбите од овој закон и подзаконските акти кои произлегуваат од него од страна на Министерството за внатрешни работи со решение ќе му биде одземена лиценцата за работа за период од три, односно за период од шест месеци доколку предметната неправилност во работењето се повтори во рок од 12 месеци.

(2) Доколку стручниот работник ја потврди техничката исправност на возила со неисправни уреди за сопирање, уреди за управување, возила кои не ги исполнуваат условите во однос на квалитетот на издувната емисија или возила со неатестиран уред за течен нафтен гас, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата за работа за период од една година.

(3) Доколку стручниот работник ја потврди техничката исправност на возило над кое не е извршен технички преглед, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата за работа за период од две години.

(4) Доколку стручниот работник ја потврди техничката исправност на возилото спротивно на одредбите од членот 65 став (2) алинеи 3, 4 и 5 од овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата за работа на стручниот работник за период од една години.

(5) Ако поради настанатите пропусти од ставовите (2) и (3) на овој член се случила сообраќајна незгода Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата за работа на стручниот работник за период од пет години.

(6) Доколку стручниот раководител нареди или дозволи да се потврди техничка исправност на возило над кое не е извршен технички преглед, потврди техничка исправност на воизло со неисправни уреди за сопирање, уреди за управување, возило со неатестиран уред за течен нафтен гас, не е извршено мерење на емисиите на издувните гасови на моторот од возилото или записот од измерените вредности од емисиите на издувните гасови на моторот од возилото не го приложува во регистрациониот лист за возилото, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата за работа на стручниот раководител за период од една година.

(7) Решението од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член е конечно и против него може да се поведе спор пред управен суд.

(8) За прекршокот од ставот (3) на овој член Министерството за внатрешни работи со решение ќе му го одземе овластувањето на правното лице за технички преглед.

(9) На овластеното правно лице кое ќе нареди или дозволи стручниот работник да врши работи во правното лице за технички преглед во случаи кога му е одземена лиценцата за работа, кога не го положил тестот за проверка на стручноста или кое работите во врска со правното лице за технички преглед на возила не ги врши во согласност со одредбите од овој закон и подзаконските акти кои произлегуваат од него, ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај овластеното правно лице за технички преглед што постапува спротивно од одредбите од ставот (9) на овој член.

(11) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководителот и стручните лица за технички преглед во правно лице кој постапува спротивно на одредбата од ставовите (2), (4) и (6) на овој член.

Надзор над техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи

Член 81-б

(1) Надзор над работата на техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи на возила за превоз на опасни материи врши Министерството за внатрешни работи.

(2) Доколку овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи утврди дека техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат за одобрено возило за превоз на опасни материи, не ги исполнува условите во врска со просторните услови, опремата, уредите, потребните кадри како и евиденциите што се водат во техничката служба и не ги извршува доверените работи во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му забрани вршење на работите и ќе определи рок од 30 дена за отстранување на утврдените недостатоци.

(3) Ако овластеното правно лице за испитување на возила за превоз на опасни материи не ги отстрани утврдените недостатоци во рокот од ставот (2) на овој член, министерот за внатрешни работи со решение ќе му го одземе овластувањето.

(4) Ако стручниот работник во техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат за одобрено возило за превоз на опасни материи ја потврди техничката исправност на возилото без да изврши испитување на возилото за превоз на опасни материи, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му го одземе овластувањето.

(5) Доколку на овластената техничка служба за единечно одобрување на возила му се одземе овластувањето или му се изрече времена мерка забрана за работа од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини или на овластеното правно лице за вршење на технички преглед му се одземе овластувањето или ќе му се изрече времена мерка забрана од страна на Министерството за внатрешни работи, во тој случај со решение на Министерството за внатрешни работи се одзема овластувањето, односно се изрекува времена мерка забрана за работа и на техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат за одобрено возило за превоз на опасни материи.

(6) Решението од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(7) За извршената инспекција и издавање на АДР сертификат за одобрено возило за превоз на опасни материи, техничката служба овластена за инспекција и одобрување на возила за превоз на опасни материи води евиденција.

(8) На техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат за одобрено возило за превоз на опасни материи во случај кога дозволи стручен работник да врши работи во техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрено возило за превоз на опасни материи, кога му е одземено овластување за работа или кога му е изречена мерка забрана за вршење на работите, согласно со одредбите од овој закон ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(9) На техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрено возило за превоз на опасни материи, ако постапува спротивно на одредбите на ставовите (2), (3), (4) и (7) на овој член ќе и се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрено возило за превоз на опасни материи ако постапува спротивно од одредбите од ставовите (8) и (9) на овој член.

(11) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на стручен работник во техничката служба овластена за инспекција и издавање на АДР сертификат на претходно одобрено возило за превоз на опасни материи за сторен прекршок од ставовите (4) и (7) на овој член.

Инспекциски надзор во сообраќајот на патиштата

Член 82

(1) Инспекциски надзор во сообраќајот на патиштата го извршува Министерството за внатрешни работи, при што униформираните полициски службеници имаат право да го запрат и прегледаат возилото, неговите системи, составни делови или самостојни технички единици и опрема, како и документите и другите докази што треба да ги има при себе возачот на возилото и се предмет на инспекциски надзор.

(2) Заради спроведување на мерките од ставот (1) на овој член, возачот е должен да застане на место што ќе го одреди униформираниот полициски службеник со давање на пропишани знаци, на начин и по постапка како што е уредено согласно со прописите во врска со превозот и безбедноста во сообраќајот на патиштата. Сопственикот, односно корисникот на возилото, има право да присуствува при изведувањето на мерките од ставот (1) на овој член.

(3) Доколку при инспекцискиот надзор се утврдат неправилности заради кои треба да се отстрани возилото од сообраќајот, трошоците од направениот преглед ги плаќа возачот.

(4) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возач што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Користење на мобилни единици

Член 83

(1) Надзор над техничката исправност на возилата во сообраќајот на патиштата, што се однесува на преглед, односно мерење на ефикасноста на системот за сопирање и емисија на издувни гасови, како и преглед и контрола на ограничувачите на брзината, го извршуваат инспекторите од Министерството за внатрешни работи, со помош на мерни уреди сместени во посебно возило (во натамошниот текст: мобилни единици).

(2) За мерната опрема и уреди на мобилните единици, се употребува мерна опрема и уреди, што исполнуваат исти барања како што се барањата за уредите и опремата коишто при својата работа ги употребуваат правните лица за технички прегледи.

Мерки во патниот надзор и при извршување на работа

Член 84

(1) Униформираниот полициски службеник треба при вршење на своите задачи да го исклучи од сообраќај, односно да забрани користење на возилото кое:

1. не е технички исправно;

2. толку е оштетено во сообраќајна несреќа, што не е способно за безбедно учество во патниот сообраќај;

3. не било одобрено во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

4. не исполнува посебни технички барања за намената за што се користи;

5. е преправено, односно поправено во спротивност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

6. има вградени системи, составни делови или самостојни технички единици и опрема кои не се одобрени за тоа возило, иако требало да бидат одобрени;

7. не е регистрирано и нема важечка сообраќајна дозвола;

8. не е, или не е означено на пропишан начин со регистарски или пробни таблици за тоа возило и

9. е означено со регистарски или пробни таблици, кои не се издадени за тоа возило.

(2) Исклучување на возилото, односно забраната за користење трае додека се отстранат причините заради кои е отстрането, односно издадена забраната. Униформираниот полициски службеник, што го отстранува возилото од сообраќај, може да ја одземе сообраќајната дозвола и регистарските, односно пробните таблици и да му нареди на возачот да ги отсстрани регистарските или пробните таблици од возилото. Доколку возачот не ги отстрани регистарските или пробните таблици од возилото, тие се отстрануваат на товар на возачот. Униформираниот полициски службеник, издава потврда за одземената сообраќајна дозвола, односно за регистарски или пробни таблици.

(3) Униформираниот полициски службеник го упатува возилото на вонреден технички преглед и ги одзема регистарските таблици, доколку се сомнева дека:

- возилото не е технички исправно заради грешки на подвозјето или на уредите за управување или сопирање, како и на приклучните врски меѓу влечното и приклучното возило,

- не ги исполнува пропишаните барања во поглед на емисијата на издувни гасови и бучавата и

- возилото е толку оштетено, што не е способно за безбедно учество во сообраќајот на патиштата, освен во случаите наведени во ставот (4) алинеја 1 на овој член.

(4) Униформираниот полициски службеник ги одзема регистарските таблици и го упатува возилото во техничка служба за единечно одобрување, ако се сомнева дека:

- возилото има оштетено подвозје или систем за управување или кочење, или

- возилото е преправено или поправено спротивно на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон или

- вградените системи, составни делови или самостојни технички единици и опрема не се одобрени за тоа возило, а требало да бидат одобрени.

(5) Во случајот од ставовите (3) алинеја 3 и (4) алинеја 1 на овој член, откако возилото ќе се поправи се извршува технички преглед, односно единечно одобрување на возилото, согласно со членовите 19 и 54 на овој закон.

(6) Трошоците за вонреден технички преглед ги плаќа возачот. На возачот трошоците за извршениот техничи преглед, освен во случајот од ставот (5) на овој член, му се враќаат доколку на техничкиот преглед се утврди дека возилото е технички исправно.

(7) Одземената сообраќајна дозвола, односно регистарските или пробните таблици, се враќаат на сопственикот или на корисникот на возилото од кој биле одзмени во рок од три дена од денот на одземањето, доколку е отстранета причината заради којашто биле одземени. Сопственикот, односно корисникот на возилото докажува дека е отстранета причината за одземањето со доказ за техничката исправност на возилото, односно со запишување на промената во потврдата за сообразност на возилото. По изминување на рокот од три дена, регистарските таблици се враќаат на органот за регистрација што ги издал, а одземените пробни таблици се уништуваат.

Должност за соработка

Член 85

(1) Возачот е должен на барање на униформираниот полициски службеник да овозможи преглед на возилото и притоа да соработува при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Возачот е должен на барање на униформираниот полициски службеник да овозможи технички преглед на возилото. Доколку на местото на инспекцискиот надзор возилото не може технички да се прегледа, возачот е должен на барање на униформираниот полициски службеник да го однесе возилото на технички преглед.

(3) Ако возачот, на барањето од ставот (2) на овој член не го однесе возилото на технички преглед, истото се транспортира на негов трошок.

(4) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на возачот што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) На правното лице што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече за прекршок глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност за микротрговци, глоба во износ од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, глоба во износ од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правно лице за сторен прекршок од ставот (5) на овој член.

Надзор кој го врши полицијата

Член 86

(1) Полицијата врши надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон во рамките на надзорот на безбедноста на сообраќајот на патиштата и безбедноста при извршување на земјоделски и шумски работи.

(2) Одредбите од оваа глава соодветно се применуваат и за вршење на надзор од страна на полицијата над велосипедите и запрежните возила.

(3) Униформиран полициски службеник може да исклучи од сообраќај возило што е преправено, така што да ја поминува најголемата силина на моторот или најголемата конструкциски определена брзина, според документацијата на производителот на возилото, или најголемата конструкциска брзина што е определена за посебна категорија на возила со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

ГЛАВА VIII
ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Постапка за порамнување пред Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

Член 87

(1) За прекршоците утврдени во членовите 5-а, 13, 14, 16, 20, 22, 54-а, 56 и 62 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Државниот пазарен инспекторат.

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Државниот пазарен инспекторат ја води Комисија за одлучување по прекршок.

(3) Кога државниот пазарен инспектор за поведување на прекршочна постапка ќе констатира прекршок составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог и истиот го забележува во записникот за констатиран прекршок. Записникот го потпишува државниот пазарен инспектор и сторителот.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако државниот пазарен инспектор прекршокот го утврди лично или утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службена евиденција записникот го потпишува само инспекторот.

(5) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако државниот пазарен инспектор прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, инспекторот веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(6) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(7) По приемот и потпишување на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставот (1) на овој член во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(8) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (7) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(9) Државниот пазарен инспектор е должен да води електронска евиденција за издадените прекршочни платни налози и за изречените глоби за сторен прекршок.

(10) Во електронската евиденција од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци за сторителот на прекршокот за физичкото лице-име и презиме, за правното лице-назив, живеалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава за сторен прекршок.

(11) Податоците од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во електронската евиденција.

(12) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

Постапка пред Министерството за внатрешни работи

Член 88

(1) За прекршоците утврдени во членовите 26 ставови (12), (15) и (16), 33, 35, 36, 37, 38, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 49, 51, 53, 54, 56-а, 62-а, 65, 65-а, 66-в, 66-г, 81-а, 81-б, 82 и 85 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за внатрешни работи.

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Министерството за внатрешни работи ја води Комисија за одлучување по прекршок.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од претседател и два члена. Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја, а членовите на комисијата да имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години од предметната материја.

(4) Доставувањето на писмената изготвени од Комисија за одлучување по прекршок, се врши согласно одредбите од Законот за прекршоците и Законот за општата управна постапка.

(5) Ако живеалиштето на лицето на кое треба да му се достави известување, покана или одлука е непознато за органот чие писмено се доставува, комисијата ќе го објави писменото на веб страницата на Министерството за внатрешни работи и со истекот на осум дена од денот на објавувањето на веб страницата, ќе се смета дека странката е уредно известена за писменото.

(6) Странец, како и државјанин на Република Северна Македонија кој при сторување на прекршок дал на увид странска возачка дозвола, а кој со заминување заради претстој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата е должен да ја плати глобата веднаш. Во овој случај полициският службеник може привремено да ги одземе патната исправа, сообраќајната дозвола од возилото или возачката дозвола, додека не биде доставен доказ дека глобата е платена, но не подолго од осум дена од денот на одземањето.

(7) Против одлуката на Комисијата од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Постапка за порамнување пред Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Член 89

(1) За прекршоците утврдени во членот 47 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја води Комисија за одлучување по прекршок.

(3) Кога државниот инспектор за земјоделство или државниот инспектор за шумарство и ловство (во натамошниот текст на овој член: инспектор) за поведување на прекршочна постапка ќе констатира прекршок составува записник во кој забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог и истиот го забележува во записникот за констатиран прекршок. Записникот го потпишува инспекторот и сторителот.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако инспекторот прекршокот го утврди лично или утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службена евиденција записникот го потпишува само инспекторот.

(5) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако инспекторот прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, инспекторот веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(6) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(7) По приемот и потпишување на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставот (1) на овој член во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(8) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(9) Државниот инспектор за земјоделство или државниот инспектор за шумарство и ловство е должни да водат електронска евиденција за издадените прекршочни платни налози и за изречените глоби за сторен прекршок.

(10) Во електронската евиденција од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци за сторителот на прекршокот за физичкото лице-име и презиме, за правното лице-назив, живеалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој мусе издава за сторен прекршок.

(11) Податоците од став (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во електронската евиденција.

(12) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Постапка за порамнување пред Министерството за животна средина и просторно планирање

Член 90

(1) За прекршоците утврдени во членовите 33-а и 41 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за животна средина и просторно планирање.

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Министерството за животна средина и просторно планирање ја води Комисијата за одлучување по прекршок.

(3) Кога државниот инспектор за животна средина (во натамошниот текст на овој член: инспектор) за поведување на прекршочна постапка ќе констатира прекршок составува записник во кој забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог и истиот го забележува во записникот за констатиран прекршок. Записникот го потпишува инспекторот и сторителот.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако инспекторот прекршокот го утврди лично или утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службена евиденција записникот го потпишува само инспекторот.

(5) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако инспекторот прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, инспекторот веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(6) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(7) По приемот и потпишување на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставот (1) на овој член во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(8) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(9) Државниот инспектор за животна средина е должен да води електронска евиденција за издадените прекршочни платни налози и за изречените глоби за сторен прекршок.

(10) Во електронската евиденција од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци за сторителот на прекршокот за физичкото лице-име и презиме, за правното лице-назив, живеалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој мусе издава за сторен прекршок.

(11) Податоците од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во електронската евиденција.

(12) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за животна средина и просторно планирање.

Член 91

е избришан.

Постапка пред Министерство за внатрешни работи за физички лица

Член 92

(1) За прекршоците утврдени во член 26 ставови (12), (15) и (16), член 33 ставови (17), (18) и (21), член 35 став (4), член 36 став (5), член 37 став (6), член 38 став (16), член 40 ставови (13) и (14), член 41 ставови (4) и (5), член 42 став (4), член 43 ставови (2) и (3), член 44 став (2), член 45 став (2), член 46 став (2), член 47 ставови (3), (4), (5) и (6), член 54 став (4), член 56-а ставови (13) и (14), член 62-а ставови (13) и (14), член 66-г ставови (11) и (12), член 73 ставови (10) и (15), член 82 став (4) и член 85 став (4) од овој закон, униформираниот полициски службеник е должен на сторителот на прекршокот, физичко лице, да му изготви записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог, односно записник за контрола на техничка исправност на возила на јавен пат согласно со членот 82 од овој закон.

(2) За прекршоците од членовите 33, 37, 40, 41, 56-а и 62-а од овој закон, утврдени во управна постапка, овластеното службено лице е должно да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(3) Доколку сторителот не ја плати глобата во рок утврден со закон, униформираниот полициски службеник поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата од членот 88 од овој закон.

Постапка пред надлежен суд

Член 92-а

(1) За прекршоците утврдени во член 26 ставови (13), (14), (17) и (18), член 33 став (19) и (20), член 37 став (6) и (7), член 38 став (17) и (18), член 40 став (15), (16), (17) и (18), член 41 став (6) и (7), член 42 став (3), (5) и (6), член 43 став (4) и (5), член 44 став (3) и (4), член 45 став (3) и (4), член 47 став (7) и (8), член 49 став (7), (8) и (9), член 51 став (7), (8) и (9), член 53 став (2) и (3), член 54 став (5) и (6), член 56-а став (15) и (16), член 62-а став (15), (16), (17) и (18), член 65 став (7), (8) и (9), член 65-а став (3), (4) и (5), член 66-в став (16), (17), (18) и (19), член 66-г став (10), член 73 ставови (11), (12), (16) и (17), член 81-а став (9), (10) и (11), член 81-б став (8), (9), (10) и (11) и член 85 став (5) и (6) од овој закон, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, без да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

(2) Надлежниот суд од ставот (1) на овој член, ги обезбедува податоците потребни за одмерување на глобата за правното лице и одговорното лице во правното лице.

(3) Надлежниот суд од ставот (1) на овој член, ја одмерува висината на глобата за правното лице и одговорното лице во правното лице од ставот (2) на овој член врз основа на критериумите утврдени со одредбите од Законот за прекршоците, а согласно со глобата пропишана со овој закон.

(4) За прекршоците утврдени во членот 26 ставови (10) и (11) од овој закон, констатирани од полициски службеник или од посебен електронски систем одлучува надлежен суд, согласно закон.

Прописи на министерот за внатрешни работи

Член 92-б

Поблиските прописи за формата и содржината на образецот на записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог и записник за контрола на техничка исправност на возила на јавен пат ги донесува министерот за внатрешни работи.

Постапка за прекршоци констатирани од посебен електронски систем во Министерството за внатрешни работи

Член 92-в

(1) На сопственикот на возилото со кое е сторен сообраќаен прекршок констатиран од посебен електронски систем, Министерството за внатрешни работи му доставува известување со линк за преземање на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог и фотозапис со кој е документиран прекршокот, како и укажување во однос на начинот на доставата и последиците од неотворање на линкот.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се доставува во постапка утврдена со закон.

(3) Сопственикот на возилото може да ја прифати одговорноста за сторување на прекршокот, да не ја прифати одговорноста за сторување на сообраќајниот прекршок или да оствари право на

судска заштита под услови и на начин утврден со закон.

(4) За прекршоците од ставот (1) на овој член одлучува надлежен суд.

(5) Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог под точно определени услови утврдени со закон може да преставува извршна исправа или да се смета за барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 92-г

Записникот со прекршочен платен налог кој го издава Министерството за внатрешни работи ги содржи битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса, број на лична карта, матичен број, телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса, доколку се познати, ако се работи за странец - број на патната исправа и држава, а за правно лице - назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието, правна квалификација на прекршокот, лицата затекнати на самото место, износ на глобата пропишан за прекршокот и прекршочна санкција - забрана за управување со моторно возило за определена категорија (доколку е пропишана за тој прекршок), податоци на возилото (сопственост, вид, марка и број на регистарски таблици), податоци за уредот со кој е констатиран и документиран стореното прекршок, бројот на сметката за плаќање и правни поуки. Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог го потпишува униформираниот полициски службеник и сторителот на прекршокот, освен во определени случаи кога прекршокот е констатиран со посебен електронски систем, кога истиот се потпишува согласно со закон.

Член 93

е избришан.

Член 94

е избришан.

ГЛАВА IX
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Преоден период

Член 95

Постапките кои започнале до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Продолжување со работа

Член 96

(1) Правните лица кои до денот на влегувањето во сила на овој закон вршеле работи на технички сервис и на овластено правно лице за испитување на возила согласно со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, ќе продолжат да вршат работи како технички служби согласно со членовите 58 став (3) и 57 став (4) на овој закон.

(2) Правните лица од ставот (1) на овој член се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Правните лица за оцена на сообразноста на возилата, овластени согласно со Законот за безбедност на производите, ќе продолжат да вршат работи за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Правните лица од ставот (3) на овој член се должни да го усогласат својот статус и своето работење со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на прописите донесени врз основа на овој закон.

(5) Овластувањата издадени на правните лица за технички прегледи на возилата согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат.

(6) Правните лица од ставот (5) на овој член се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на прописите донесни врз основа на овој закон.

(7) Овласувањата издадени на правните лица за регистрација на возилата согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат.

(8) Правните лица од ставот (7) на овој член се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на прописите донесени врз основа на овој закон.

(9) Стручните работници кои вршат работи кај правните лица за технички прегледи и правните лица за регистрација се должни да ги исполнат условите согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на прописите донесени врз основа на овој закон.

(10) Стручните работници кои имаат добиено лиценца за вршење на технички преглед на возила, согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата можат да вршат работи на технички преглед до истекот на рокот на важење на лиценцата.

Постапка за регистрирање возила

Член 97

(1) Регистрирањето на возило за кое типот не е одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување на тип, ниту постои одобрение на типот во Република Северна Македонија, а за кое има обезбезбедено документација за исполнување на сите технички барања согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон се врши врз основа на спроведена постапка за оцена на сообразноста кај правните лица од членот 96 став (3) на овој закон, до рокот на важење на нивното овластување издадено согласно со Законот за безбедност на производите, односно кај правните лица од членот 96 став (1) на овој закон.

(2) За регистрирање на трактор, тракторска приколка и приколка за домување кои се користат во Република Македонија до 1 јануари 2009 година не се применуваат одредбите од членот 31 став (2) алинеја 4 на овој закон.

Член 97-а

(1) На физичките и правните лица на кои во постапка за утврдувањето статус на сопственик, односно во постапка на легализација на трактор, тракторска приколка, мобилна машина, мотокултиватор, приколка за домување, како и возила од категориите О1, О2 и L, во согласност со закон сопственичкиот статус не им е утврден со денот на влегувањето во сила на овој закон, статусот може да им се утврди со поднесување предлог за легализација на трактор, тракторска приколка, мобилна машина, мотокултиватор, приколка за домување, како и возила од категориите О1, О2 и L до месно и стварно надлежен суд, според местото каде што се наоѓа живеалиштето на подносителот на предлогот за легализација.

(2) Во предлогот за легализација од ставот (1) на овој член, подносителот ги наведува следниве податоци и ги доставува следниве прилози:

- идентификациски податоци - марка,
- тип, број на шасија и мотор,
- година на производство на возилата од ставот (1) на овој член,
- причините поради кои се поднесува предлогот,
- изјава заверена на нотар, со која подносителот под целосна материјална и кривична одговорност изјавува дека совесно го владеел возилото од ставот (1) на овој член и дека за истите не се води друга постапка пред надлежен суд и
- приложува други докази кои ги поседува за возилата од ставот (1) на овој член.

(3) Судот во рок од три дена од денот на поднесување на предлогот, преку огласната табла на судот, ги информира заинтересираните правни или физички лица за поднесениот предлог. Објавувањето на известувањето од судот трае 30 дена од денот на поставувањето на огласната табла.

(4) По истекот на рокот од ставот (3) на овој член, доколку со докажување на својот правен интерес заинтересираното лице писмено до судот не се обрати, судот во рок од 15 дена ќе донесе решение за легализација -утврдување сопственички статус на возилата од ставот (1) на овој член.

(5) Во случаите кога ќе се јави заинтересирано лице, кое ќе го докаже својот правен интерес, судот со решение ќе ги упати учесниците во рок, кој не може да е подолг од 15 дена од денот на донесувањето на решението, да поведат парнична постапка. Ако 15 дена од денот на донесувањето на решението заинтересираното лице не поведе парнична постапка, постапката за легализација продолжува.

(6) Против решението за легализација - утврдување сопственички статус од ставовите (4) и (5) на овој член, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението дозволена е жалба пред надлежен суд.

(7) Со неподнесување жалба во рокот од ставот (5) на овој член, решението станува правосилно.

(8) Подносителот со денот на влегувањето во сила на овој закон може да поднесе предлог за легализација на трактор, тракторска приколка, мобилна машина, мотокултиватор, приколка за

домување, како и возила од категориите О1, О2 и L во постапка која е утврдена со овој закон.

Член 97-б

(1) Физички или правни лица, кои совесно ги владеат и ги користат на територијата на Република Северна Македонија тракторите, тракторските приколки и мотокултиваторите, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не поднеле барање за регистрација, а кои не ги исполнуваат условите од членот 31 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, од денот на влегувањето во сила на овој закон може да поднесат барање за регистрација до Министерството за внатрешни работи, со кое ги доставуваат и следниве прилози:

- доказ за сопственост или решение за утврдување сопственички статус на трактори и тракторски приколки и мотокултиватори,

- согласност за регистрација за трактори и тракторски приколки и мотокултиватори издадена во постапка на идентификација и оцена на техничка состојба од овластена техничка служба или од правно лице за технички преглед кое е овластено за вршење идентификација и идентификација и оцена на техничка состојба на возила и

- доказ дека се исполнети условите од членот 31 став (2) алинеи 5 и 11 од овој закон.

(2) Физички или правни лица кои совесно ги владеат и ги користат на територијата на Република Северна Македонија мобилните машини, приколките за домување и возилата од категориите О1, О2 и L, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не поднеле барање за регистрација, а кои не ги исполнуваат условите од членот 31 став (2) алинеи 1, 2 и 4 од овој закон, од денот на влегувањето во сила на овој закон може да поднесат барање за регистрација до Министерството за внатрешни работи, со кое ги доставуваат и следниве прилози:

- доказ за сопственост или решение за утврдување сопственички статус на мобилните машини, приколките за домување и возилата од категориите О1, О2 и L,

- согласност за регистрација за мобилните машини, приколките за домување и возилата од категориите О1, О2 и L1e, издадена во постапка на идентификација и оцена на техничка состојба од овластена техничка служба или од правно лице за технички преглед, кое е овластено за вршење идентификација и идентификација и оцена на техничка состојба на возила,

- потврда за утврдени минимално-технички и експлоатациони карактеристики за мобилните машини, издадена во постапка на идентификација и оцена на техничката состојба на возилото и

- доказ дека се исполнети условите од членот 31 став (1) и став (2) алинеи 3, 5, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 и ставовите (3), (4), (5) и (6) од овој закон.

Рок за донесување на прописи

Член 98

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Прописи кои престануваат со важност

Член 99

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 319 ставови (2), (3), (4), (5), (6) и (7), 320, 321, 322 и од 324 до 368; од членот 369 се бришат зборовите: "322 став (6); 326 ставови (7) и (8); 329 став (3); 330 став (8); 331 став (5); 342 став (3); 345 став (6); 346 став (5); 347 став (2); 354 ставови (3) и (4); 356 став (3); 366 став (7)", од членот 370 се бришат зборовите: "320 ставови (3) и (4); 322 став (5); 326 ставови (5) и (6); 330 ставови (6) и (7); 343 став (4); 343 ставови (4), (6), (7) и (8); 344 ставови (6), (7) и (8); 345 став (5); 348 ставови (5) и (6); 349 став (4); 355 ставови (5) и (6); 358 ставови (5) и (6); 360 став (5); 361 став (4); 362 став (8); 366 ставови (5) и (6)"; од членот 373 се бришат зборовите: "320 став (2); 321 став (7); 326 став (4); 343 став (3); 349 став (3); 355 став (4); 361 став (3); 362 став (7); 365 став (3); 366 став (4); 367 став (3)"; од членот 374 се бришат зборовите: "319 став (6); 322 став (4); 330 став (5); 343 став (5); 345 став (4); 348 став (4); 358 став (4); 360 став (4)"; од членот 417 став 1 се бришат алинеите 6, 11, 15, 16 и 17 и престануваат да важат членовите 418 и 423 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" број 54/2007, 86/2008 и 98/2008).

Одложна примена

Член 100

(1) Одредбите на членовите 23 ставови (2), (3) и (4), 26 став (4) и 60 став (4) на овој закон, ќе почнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.

(2) Зборовите: „ЕУ одобрување на тип" во членот 7 став (1) алинеја 1 ќе почнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.

(3) Зборот „ЕУ" во членот 15 став (1) на овој закон ќе се применуваат со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.

(4) До пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија, или со влегувањето во сила на договор за оцена на сообразност со Европската заедница, изразот „физичко или правно лице со седиште во Република Северна Македонија или со седиште во Европската заедница" ќе значи „физичко или правно лице со седиште во Република Северна Македонија".

(5) По пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија, или со влегувањето во сила на договор за оцена на сообразност со Европската заедница изразот „држава" во членот 3 точка 50 и членот 15 став (2) и изразот „државата" во членот 3 точка 49 ќе значи „земја членка на Европската унија".

(6) Одредбите на членот 41 став (1) од овој закон ќе се применуваат по 31 декември 2010 година.

Влегување во сила на Законот

Член 101

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/13

Член 3

Предлозите за легализација на тракторите и тракторските приколки кои не се поднесени согласно со рокот од членот 53 став (5) од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 123/12), може да се поднесат во периодот од 10 април 2013 до 30 септември 2013 година.

Член 54

Подзаконските акти од членовите 56 ставови (3) и (6), 56-а ставови (3) и (6), 62 ставови (2) и (7), 62-а ставови (2) и (7) и 66 став (6) од овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконските акти од ставот 1 на овој член истите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, се објавуваат на веб страницата на министерството надлежно за нивно донесување.

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/13

Член 2

За прекршоците пропишани со овој закон прекршочна постапка ќе води и прекршочна санкција ќе изрече надлежен суд.

Член 7

Започнатите постапки за полагање на стручен испит до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите од прописите по кои започнале.

III. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/14

Член 4

Физички и правни лица кои не поднеле барање за регистрација на трактори и тракторски приколки во рокот утврден во членот 52 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 123/12 и 70/13), можат да поднесат барање за регистрација во период од влегување во сила на овој закон до 30 јуни 2015 година.

Член 5

Предлозите за легализација на трактори и тракторски приколки кои не се поднесени согласно рокот утврден во членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 70/13) може да се поднесат во периодот од денот на влегување во сила на овој закон до 31 декември 2014 година.

IV. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/16

Утврдување на сопственички статус на трактори, тракторски приколки, мобилни машини, мотокултиватори, приколки за домување, како и возила од категориите О1, О2 и L

Член 6

(1) Утврдувањето на сопственичкиот статус на трактор, тракторска приколка, мобилна машина, мотокултиватор, приколка за домување, како и возила од категориите О1, О2 и L (во натамошниот текст: „легализација“) се покренува со поднесување на предлог за легализација на мобилна машина, мотокултиватор, приколка за домување, како и возила од категориите О1, О2 и L до месно и стварно надлежен суд, според местото каде што се наоѓа живеалиштето на подносителот на предлогот за легализација.

(2) Предлогот за легализација од ставот (1) на овој член, особено ги содржи следниве податоци идентификациски податоци-марка, тип, број на шасија и мотор и година на производство на возилата од ставот (1) на овој член како и причините поради кои се поднесува предлогот.

(3) Кон предлогот за легализација од ставот (1) на овој член, се приложува претходно дадена изјава заверена на нотар од подносителот на барањето, во која подносителот под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека совесно го владеел возилата од ставот (1) на овој член и дека за истите не се води друга постапка пред надлежен суд.

(4) Кон предлогот за легализација од ставот (1) на овој член, подносителот ќе ги приложи сите докази кои ги поседува за возилата од ставот (1) на овој член.

(5) Предлог за легализација од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

(6) По поднесениот предлог за легализација од ставот (1) на овој член, судот во рок од три дена преку огласна табла на судот ги информира заинтересираните правни или физички лица за поднесениот предлог.

(7) Објавувањето на известувањето од судот трае 30 дена од денот на поставување на огласната табла.

(8) Доколу по истекот на рокот од ставот (7) на овој член, заинтересирано лице писмено до судот не се обрати со докажување на својот правен интерес, судот во рок од 15 дена ќе донесе решение за легализација-утврдување на сопственички статус на возилата од ставот (1) на овој член.

(9) Доколку во рокот утврден во ставот (7) на овој член, се јави заинтересирано лице кое ќе го докаже својот правен интерес, судот со решение ќе ги упати учесниците во определен рок, не подолг од 15 дена од денот на донесувањето на решението да

поведат парнична постапка. Ако заинтересираното лице во рокот од 15 дена не поведе парнична постапка, тогаш постапката за легализација ќе продолжи.

(10) Против решението од ставовите (8) и (9) на овој член дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

(11) Ако во рокот од ставот (10) на овој член не биде поднесена жалба, решението станува правосилно.

Член 7

(1) Физички или правни лица кои совесно ги владеат и ги користат на територијата на Република Македонија трактори и тракторски приколки, мобилните машини, мотокултиваторите, приколките за домување, како и возилата од категориите О1, О2 и L, кои до денот на влегување во сила на овој закон не поднеле барање за регистрација, а кои не ги исполнуваат условите од членот 31 став (2) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, може да поднесат барање за регистрација до Министерството за внатрешни работи со кое доставуваат:

- доказ за сопственост или решение за утврдување на сопственички статус на трактори и тракторски приколки, мобилните машини, мотокултиваторите, приколките за домување, како и возилата од категориите О1, О2 и L,

- согласност за регистрација за трактори и тракторски приколки, мотокултиваторите, приколките за домување, како и возилата од категориите О1, О2 и L1e, издадена во постапка на идентификација и оцена на техничка состојба од овластена техничка служба или правно лице за технички преглед овластено за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничка состојба на возила,

- потврда за утврдени минимално-технички и експолатацаиони карактеристики за мобилните машини издадена во постапка на идентификација и оцена на техничката состојба на возилото и

- доказ дека се исполнети условите од членот 31 став (2) алинеи 5 и 6 од овој закон.

(2) Барањето за регистрација физичките и правните лица може да го поднесат до 31 декември 2017 година.

(3) Доколку по истекот на рокот од ставот (2) на овој член, при вршењето на контрола на сообраќајот на патиштата, Министерството за внатрешни работи затекне трактори и тракторски приколки, мобилна машина, мотокултиватор, приколка за домување, како и возило од категориите О1, О2 и L кои не се регистрирани, ќе ги примени одредбите од член 26 ставовите (9) и (12) на овој закон.

Член 10

Започнатите постапки по барања за издавање на потврди за пробно возење и пробни таблици ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

V. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19

Документи за одобрено возило

Член 63

(1) Документите „Потврда за сообразност на возило од одобрен тип“, „Потврда за сообразност за единечно одобрено возило“, „Согласност за регистрација“ и „Потврда за сообразност на преправено возило“, кои се однесуваат за специјално возило за превоз на опасни материи, го заменуваат документот „Уверение за испитано возило“ согласно со членот 63 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

(2) Уверенијата за испитано возило издадени согласно со членот 63 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, продолжуваат да важат.

Член 64

(1) Физички и правни лица кои совесно ги владеат возилата на територија на Република Северна Македонија, а истите не ја продолжиле важноста на сообраќајната дозвола повеќе од две години од денот на истекувањето на важноста на истата, се должни од денот на влегувањето во сила на овој закон да го одјават своето возило во Министерството за внатрешни работи – регистрационо подрачје каде возилото се води во евиденција заклучно со 31 декември 2019 година.

(2) Кон барањето за одјавување на возилото, сопственикот на возилото ја приложува сообраќајната дозвола и/или друг доказ со кој се докажува сопственоста на возилото и регистарските таблици.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член кога сопственикот на возилото не ја поседува сообраќајната дозвола за возилото и/ или не поседува една или две регистарски таблици издадени за возилото, истиот со писмена изјава дадена пред Министерството за внатрешни работи – регистрационо подрачје каде возилото се води во евиденција, ја наведува причината за губењето на сообраќајната дозвола и/или регистарските таблици.

(4) Министерството за внатрешни работи – регистрационо подрачје каде возилото се води во евиденција врз основа на доказите од ставот (2) и/или ставот (3) на овој член одјавата ја евидентира во сообраќајната дозвола за возилото или во потврда што ја издава за возилото, а ја води по службена должност, го наведува датумот на извршена одјава и потпис на службеното лице кое ја извршило одјавата на возилото.

(5) Одјавата на возилото се евидентира во сообраќајна дозвола или во потврдата издадена за возилото за кое Министерството за внатрешни работи – регистрационо подрачје каде возилото се води во евиденција, каде возилото е одјавено ја води по службена должност, а одјавата се евидентира и во регистарот за возила.

(6) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член Министерството за внатрешни работи возилото ќе го избрише од евиденција на возила и ќе преземе мерки за одземање на регистарските таблици на трошок на сопственикот на возилото согласно со членот 40 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16).

Член 65

Овластените технички служби се должни да го усогласат своето работење согласно со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 66

Правните лица кои вршат авто такси превоз се должни да го усогласат своето работење согласно со одредбите од овој закон и прописите утврдени со овој закон, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на прописот предвиден во членот 9 од овој закон, а кој се однесува на членот 27 став (1) алинеи 1 и 5 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16).

Член 68

(1) Еколошката категоризација на возилата од членот 5-б утврдена во членот 2 од овој закон ќе започне да се спроведува по истекот на рокот од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на прописот утврден во членот 3 од овој закон, а кој се однесува на членот 11 став (1) алинеја 20 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” број 140/2008, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16).

(2) Возилата од втора еколошка категорија со емисија на издувни гасови ЕУРО 4 во период од три години од влегувањето во сила на овој закон ќе бидат означени со еколошка налепница од прва еколошка категорија.

Член 69

Правните лица кои вршат работи на технички преглед на возила и правните лица кои вршат работи на технички служби за инспекција и издавање на АДР сертификат за одобрено возило за превоз на опасни материи, а кои се овластени од Министерството за внатрешни работи се должни да го усогласат своето работење согласно со одредбите од овој закон во период од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 70

Постапките за овластување за вршење на работи на технички служби, за овластување на правните лица за вршење на технички преглед на возила, за овластување на правните лица кои вршат технички преглед на возила за вршење на идентификација и на идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, како и на работи на правните лица кои вршат вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или погон на компримиран земјен гас, кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16).

VI. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 30 јуни 2024 година.

VII. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/25

Член 66

Физичките и правните лица кои започнале постапка за регистрација на трактор, тракторска приколка, мобилна машина, мотокултиватор, приколка за домување, како и возила од категориите О1, 02 и L, пред надлежниот суд до 30 јуни 2024 година, можат да ја продолжат постапката за регистрација во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 67

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 68

Одредбите од членот 1 со кој во членот 3 се додаваат нови точки 14, 15, 16 и 17, член 9 со кој во членот 17 се менува ставот 14, членовите 10, 11, 12, 13, 14, 15, 17, 18, 19 , 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, член 33 со кој во членот 56-а се менува ставот (15), член 34 со кој во членот 60 се додаваат нови ставови (5) и (6), член 36 со кој во членот 62 се менуваат ставовите (11) и (15) и се додаваат два нови става (17) и (18), членовите 37 и 38, членот 39 со кој во членот 65 во ставот (2) се менува воведната реченица и ставовите (7) и (9), членот 40, членот 42, членот 44 со кој во членот 66-в се менуваат ставовите (9), (16), (17) и (18), членот 45 со кој во членот 66-г се менува ставот (10), членовите 52, 53, 54, 55, 59, 60, 61, членот 63 со кој во членот 88 се менува ставот (6) и членовите 64 и 65 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

VIII. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.258/25

Член 15

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 10, 11, 12 и 14 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.